

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# 2024/2025

за воспитно - образовната работа на
СОУ „Јосиф Јосифовски“ - Гевгелија

**ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ:**

- Општествено - хуманистичко подрачје
- Природно - математичко подрачје

**СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ:**

- Сектор Угостителство и туризам
- Сектор Машинство
- Сектор Економија, право и трговија
- Сектор Здравство и социјална заштита

+389 34 212 032 souјј@josifjosifovski.edu.mk ул.„Македонија“ бр.1 Гевгелија

Гевгелија, август 2025 година

# Содржина

Вовед

Лична карта на училиштето ... 5

Материјално-технички услови ... 6

Мапа на училиштето ... 7

Материјално-технички и хигиенски услови за работа ... 7

Образовни профили ... 8

Воспитно-образовна дејност во Училиштето ... 8

Споредбени показатели во истиот период од претходните две учебни години ... 9

Пријавување државна матура за учениците од завршните класови ... 10

Структура на училиштето ... 11

- **Членови на училишен одбор** ... 11
- **Членови на Совет на родители** ... 11
- **Стручни активи** ... 12
- **Наставен кадар во училиштето** ... 12

Мисија и визија ... 14

Настава ... 15

- **Организација на задолжителната настава** ... 15
- **Наставни планови** ... 15
- **Проектни активности и содржини програмирани од училиштето** ... 16
- **Дополнителна настава** ... 16
- **Додатна настава** ... 16

Меѓународни проекти ... 17

Патронен ден на училиштето ... 26

Квиз на знаење Кој знае, знае – кој не, ќе научи! ... 28

Промоција на училиштето – Отворен ден ... 29

Социјален дијалог за упис во средно образование на општинско ниво ... 29

СОУ Јосиф Јосифовски - Суперучилиште ... 31

Завршна манифестација на училиштето „Од најдобрите за најдобрите“ и прогласување ученик на генерацијата 2024/2025 ... 32

ПРИЛОЗИ: ... 34

Годишен извештај за работата на директорот ... 34

Годишен извештај за работата на училиштниот педагог ... 44

Годишен извештај за работата на училиштниот психолог ..... 48

Годишен извештај за работата на Наставнички совет ..... 52

Годишен извештај за работата на Училишен Одбор на СОУ „Јосиф Јосифовски“ ..... 61

Годишен извештај за работата на Советот на родители на СОУ „Јосиф Јосифовски“ во учебната 2024/2025 година ..... 68

Извештај за работата на средношколската заедница на СОУ „Јосиф Јосифовски“ во учебната 2024/2025 година ..... 71

Извештај за реализација на заеднички активности со партнер училиште - МИО ..... 76

Годишен извештај за работата на училишната библиотека ..... 80

Годишен извештај на работата на Активот по македонски јазик и литература за учебната 2024/2025 година ..... 81

Годишен извештај на Активот по Англиски јазик во учебната 2024/2025 година ..... 105

Годишен извештај на активот по Германски јазик за учебната 2024/2025 година ..... 107

Годишен извештај на Активот по француски јазик во учебната 2024/2025 година ..... 107

Годишен извештај на Актив по Општествено-хуманистички науки и уметности за учебната 2024/2025 година ..... 111

Годишен извештај на Активот по Спорт и спортски активности во учебната 2024/2025 година ..... 113

Годишен извештај на Активот по математика, физика и информатика во учебната 2024/2025 година ..... 115

Годишен извештај на Активот по хемија, биологија, географија и здравствена струка во учебната 2024/2025 година ..... 119

Годишен извештај на активот по Економија, право и трговија во учебната 2024/2025 година ..... 123

Годишен извештај за активот од угостителско-туристичка струка за учебната 2024/2025 година ..... 126

Годишен извештај на активот од сектор Машинство за учебната 2024/2025 година ..... 132

Годишен извештај од работата на училишен инклузивен тим ..... 137

Реализирани ЕКО активности ..... 137

Годишен извештај за реализација на Програмата за превенција од насилно однесување ..... 138

Годишен извештај за реализација на Програмата за советување на родители ..... 139

## Вовед

**„Крајната цел на вистинското образование не е само да ги натера луѓето да го прават она што е правилно, туку и да уживаат во тоа; не само што се обучуваат вредни луѓе, туку и луѓе кои ќе сакаат да работат; не само индивидуи со знаења, туку и со љубов кон знаењето; не само праведни луѓе, туку гладни и жедни за правда.“**

(Џон Раскин)

СОУ ,,Јосиф Јосифовски“ е образовен центар во кој наставата ја следат ученици од Гевгелија, регионот и пошироко. Освен образовна дејност, на учениците им нуди можност за учество во разни културни манифестации, спортски и невладини организации, обуки, проекти од ЕРАЗМУС програмата и други воннаставни активности. Учениците преку Средношколската заедница преземаат одговорност за проблемите во училишниот живот и искусуваат процеси на донесување одлуки за решавање на истите. Нашето училиште ги следи потребите на пазарот на трудот и успешно одговара на новите предизвици.

Успехот на бројни меѓународни, државни и регионални натпревари се должи на знаењата и вештините на учениците, но и ангажираноста и посветеноста на наставниците. Континуираната соработка со родителите и локалната заедница овозможува подготовка на учениците за нивно успешно вклучување во општествениот живот.

Нашето мото за оваа учебна година е: **Училиштето да биде мост кон иднината по кој ќе чекорат образовани, чесни и хумани луѓе, полни со љубов и емпатија.**

СОУ „Јосиф Јосифовски“ е регионален центар на средношколското образование и како таков ја понесува одговорноста за избор на потврдени вредности при организација на комплетната работна дејност, со однапред утврдени цели и задачи кои соодветствуваат со личноста на ученикот, во чекор со времето и со сите нови иницијативи и трендови во образовниот процес.

Основните вредности на една личност која ќе биде образована, општествено корисна и подготвена да понесе одговорност, се креираат во училиштето. Затоа нашата првенствена задача е да се обезбеди напредна и посакувана средина што ќе ги мотивира наставниците и учениците да ја развиваат својата личност.

Законскиот документ врз кој се донесува Годишната програма е Законот за средно образование основа, Член 29, и Статутот на СОУ „Јосиф Јосифовски“ – Гевгелија, Член 71. Основата на изработка на Годишната програма се темели и врз други правни акти како:

- Националната програма за развој на образованието во Република Северна Македонија;
- Развојниот план на Училиштето;
- Годишниот извештај за работа на Училиштето во претходната учебна година;
- Оценка од интегрална евалвација;
- Заклучоци од Стручните активи;
- Условите за работа во Училиштето и локалната средина;

- Проектот за интеграција на еколошка едукација во образовниот систем и
- Препораки од самоевалуација на Училиштето.

Годишната програма за учебната 2024/2025 година ја организираме со вклученост на сите фактори и чинители на образовниот процес во нашето училиште, со референтен пристап за мерење на успехот на крајот од циклусот наречен нова учебна година.

**Лична карта на училиштето**

Општи податоци на училиштето

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | **Средно општинско училиште ,,Јосиф Јосифовски“** |
| **Адреса на училиштето** | ул. Македонија 1, Гевгелија, |
| **Електронска пошта**<br>**Вебсајт на училиштето** | soujj@josifjosifovski.edu.mk,<br>https://www.josifjosifovski.edu.mk/, |
| **Телефон** | 034/ 212 032 |
| **Основано од** | Собранието на Општина Гевгелија (основните права и обврски на УЦ „Јосиф Јосифовски“ – Гевгелија се пренесуваат на Општина Гевгелија согласно Одлуката за пренесување на основните права и обврски над постојните државни средни училишта и на градот Скопје и пренесување на права на сопственост на објектите, објавено во Сл. Весник на РМ бр.51/205),<br>бр.11-187211 од 12.7.1978. |
| **Верификација на училиштето** | Гимназиското образование е верифицирано со Решение бр.09-2456/1 од 15.05 2004 година.<br>Хотелско-туристички техничар е верифицирано со Решение бр. УП 1 13-373 од 10.06.2020 година.<br>Машински техничар за моторни возила е верифицирано со Решение бр. УП 1 13-373 од 10.06.2020 година.<br>Економски техничар е верифицирано со Решение бр. УП 1 13-370 од 10.06.2020 година.<br>Гинеколошко-акушерска сестра<br>Физиотерапевтски техничар<br>Дентален асистент<br>Фармацевтски техничар |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | Наставата се изведува на македонски јазик во сите паралелки |
| **Година на изградба** | 1958 година |
| **Тип на градба** | Тврда градба |
| **Вкупен број на училишни згради** | 1 (една) |
| **Површина на објектот** | 4339$m^2$ |
| **Површина на училишниот двор** | 11490 $m^2$ |
| **Бруто површина** | 15829 $m^2$ |
| **Нето површина** | 4339 $m^2$ |
| **Број на катови** | П+2 |
| **Број на училници** | 47 (четириесет и седум) |

| | |
|---|---|
| Површина на спортски терени и игралишта | 398,75 $m^2$ |
| Училишна библиотека и медиатека | 1 (една) |
| Број на спортски терени | 2 (два) |
| Училиштето работи во смена | Училиштето работи во една смена |
| Начин на загревање на училиштето | Централно парно на нафта |
| Број на паралелки | 38 (триесет и осум) |

## Материјално-технички услови

Училиштето е опремено со компјутери, ЛЦД проектори, преносни компјутери за секој вработен, електронски (интерактивни) табли, дигитални камери, три телевизори со лед - технологија на дисплеј (65”) и истите се поставени во двата кабинети по информатика и еден во училишната медијатека; три телевизори со LED технологија на дисплеј (65”) и истите се поставени во училишните холови, еден црно/бел фотокопир-принтер-колор скенер, со посебен друм и тонер и еден ласерски мултифункциски апарат (копир, принтер, скенер), еден фотокопир за печатење дипломи од А3 формат, 3 печатачи во наставничка канцеларија и 4 печатачи со скенер во административните канцеларии (директор, секретар, раководител, педагошко психолошка служба). За реализација на ученички активности од областа на астрономијата набавен е телескоп – рефрактор.

Училиштето располага со современ кабинетот по послужување – угостителската сала опремена со најмодерен мебел, инвентар, декоративни паравани кои лесно се поместуваат со цел адаптација на просторот според намената, модерен шанк опремен со шанкерски столици и потребните електрични уреди.

Исто така училиштето има и современ кабинетот по готварство со најмодерни електричните уреди, работни маси и пунктови, печка за пецива, рерна за печење, скара, фритези два главни пункта, печка за пица, миксери, ладилници, разладни витрини, фрижидери и други кујнски елементи, како и соларен систем за постојана топла вода.

За реализација на практична настава на учениците од здравствената струка адаптирана е училница во кабинет по здравство кој располага со современи нагледни средства и опрема (кукла фантом, сензорна рака за практична вежба -поставување инфузии и инјектирање, сензорна задница, кревет за масажа, параван, медицински ормар, сталк за инфузии, модел на карлица, модел на човечко торзо и други помагала );

Училиштето има работилница за машинска струка, кабинет по биологија и анатомија, кабинет за вежби од сектор здравство, еден кабинет физика, еден кабинет хемија, два кабинети информатика, еден кабинет ликовна уметност, еден кабинет музичка уметност, кабинет по географија.

Пред почетокот на учебната година извршено е дезинфекција, дератизација и дезинсекција, сменети се сите оштетени ламби, чешми и слично, направена е проверка и смена на оштетена електронска опрема (компјутери, тастатури, глувчиња, проектори и сл).

Мапа на училиштето



## Материјално-технички и хигиенски услови за работа

Училиштето располага со сопствена зграда во која се сместени следните простории:

*Табела бр.1*- Административни простории

| Ред.број | Вид на просторија | број | Површина $m^2$ |
|---|---|---|---|
| 1. | Просторија за наставници | 1 | 114 |
| 2. | Просторија за директор | 1 | 25 |
| 3. | Просторија за архивар и секретар | 1 | 20 |
| 4. | Просторија за педагошко - психолошкаслужба | 1 | 20 |
| 5. | Просторија за раководител | 1 | 30 |
| 6. | Библиотека | 1 | 50 |
| 7. | Медијатека | 1 | 40 |
| 8. | Разгласна станица | 1 | 10 |

*Табела бр.2* - Простории за изведување настава

| Ред.број | Вид на просторија | број | Површина $m^2$ |
|---|---|---|---|
| 1. | Училници за општа намена опремени со компјутер и ЛЦД проектор | 38 | 1411 |
| 2. | Специјализирани наставни простории | 7 | 844 |
| 3. | Кабинети за информатика | 2 | 134 |
| 4. | Кабинет за послужување - ресторанска сала | 1 | 200 |
| 5. | Кабинет за готвење- кујна | 1 | 80 |
| 6. | Работилници | 3 | 239 |
| 7. | Фискултурна сала | 1 | 505 |

Пред почетокот на учебната година 2025/2026, во август месец, училишната зграда е генерално исчистена, односно извршена е дезинфекција, дезинсекција и дератизација на внатрешниот простор од соодветни служби и стручни лица.

## Образовни профили

Во учебната 2024/2025 год. во СОУ „Јосиф Јосифовски“ се реализира настава во вкупно 38 паралелки од следните образовни профили:

| ***2024\25*** | *Гимназиско образование* | *Сектор Економија, право и трговија* | *Сектор Туризам и угостителство* | *Сектор Машинство* | *Сектор Здравство и социјална заштита* |
|---|---|---|---|---|---|
| I година | **4 паралелки:** (1 билингвална) | **1 паралелка:** Економски техничар/ Бизнис администратор | **2 паралелки:** Хотелско - туристички техничар -1 Готвач и келнер -1 | **2 паралелки** : Машински техничар за моторни возила - 1 Автомеханичар - 1 | **1 паралелка:** Забен техничар/Фармацевтски техничар |
| II година | **4 паралелки** | **1 паралелка:** Економски техничар/ Бизнис администратор | **2 паралелки:** Хотелско - туристички техничар -1 Готвач и келнер -1 | **2 паралелки:** Машински техничар за моторни возила -1 Автомеханичар - 1 | **1 паралелка:** Гинеколошко акушерска сестра/ Физиотерапевт |
| III година | **3 паралелки**: ПМА-1, ПМБ-1, ОХА-1 | **1 паралелка:** Економски техничар/ Бизнис администратор | **2 паралелки:** Хотелско - туристички техничар -1 Готвач и келнер -1 | **2 паралелки:** Машински техничар за моторни возила - 1 Автомеханичар - 1 | **1 паралелка:** Гинеколошко акушерска сестра/ Физиотерапевт |
| IV година | **4 паралелки**: ПМА-1, ПМБ-2, ОХА-1, | **2 паралелки:** Економски техничар | **1 паралелка:** Хотелско-туристички техничар | **1 паралелка:** Машински техничар за моторни возила | **1 паралелка:** Гинеколошко акушерска сестра/ Физиотерапевт |

## Воспитно-образовна дејност во Училиштето

Наставата во оваа учебна година започна на 2.09.2024 година и истата се одвиваше според Годишна програма за работа на училиштето. Оваа програма беше презентирана и усвоена од Наставнички совет и Училишен одбор на седници одржани на 29. 08. 2024 год. Бројот на запишани ученици на почетокот од оваа учебна година беше 731 од кои 353 машки и 378 женски. На крајот од првото полугодие бројната состојба е променета, односно првото полугодие го завршуваат вкупно 727 ученика од кои машки 351 и 376 женски. На крајот на учебната година заврšija 723 ученика од кои 375 женски и 348 машки .

Во првото полугодие 2 ученика се упатени на полагање Испит на годината, поради направени повеќе од 200 оправдани изостаноци.

Раководејќи се од мотото, зацртаните активности, цели и приоритетите во Годишната програма на училиштето, може да се констатира следното:

1. Наставниот кадар работеше според годишни, глобални и тематски планирања;
2. Наставата е успешно реализирана според наставните планови и програми;
3. Учениците ги усвоија предвидените наставни содржини и го постигнаа следниот успех:

- Среден успех на ниво на училиште - 4,12
- На поправен испит се упатија - 32 ученика

4. Педагошки мерки се изречени на 89 ученика од кои:

- Писмена опомена од класен раководител - 56 ученика
- Опомена пред отстранување - 32 ученика
- Отстранување од училиште – 1 ученик

5. Редовноста на учениците како важна компонента за успехот е следната:

вкупно 33 347 изостаноци од кои:
- оправдани – 33 637 изостаноци
- неоправдани – 3 395 изостаноци

## Споредбени показатели во истиот период од претходните две учебни години

Во врска со успехот на учениците за оваа учебна година може да се констатира дека нема значителна разлика од просекот/успехот постигнат во претходната учебна година. Тоа го потврдува табеларниот приказ:

| Успех | 2022/23 | % на ученици | 2023/24 | % на ученици | 2024/25 | % на ученици |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Крај на наставна година - без слаби | 597 | 94,76 | 617 | 94.20 | 691 | 95,57 |
| Крај на наставна година – со слаби | 33 | 5,24 | 38 | 5.80 | 32 | 4,43 |
| Завршиле учебна година | 630 | | 655 | | 723 | |
| Со одличен успех | 267 | 42,38 | 277 | 42.29 | 327 | 45,23 |
| Со мн.добар успех | 176 | 27,94 | 168 | 25.65 | 191 | 26,42 |
| Со добар успех | 145 | 23,02 | 114 | 17.40 | 148 | 20,47 |
| Со доволен успех | 42 | 6,67 | 96 | 14.66 | 57 | 7,88 |
| Среден успех | 4,08 | | 4.10 | | 4,12 | |

Споредено со претходната учебна година, во поглед на редовноста, може да се забележи дека и кај оправданите и кај неоправданите изостаноци бројката по ученик е приближно иста.

Табеларен приказ на изостаноци, споредбено со претходните две учебни години:

| Изостаноци | 2022/23 година | Изостаок по ученик | 2023/24 година | Изостанок по ученик | 2024/25 година | Изостанок по ученик |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Оправдани | 27 479 | 43,62 | 30510 | 46.58 | 33 637 | **46,52** |
| Неоправдани | 2 805 | 4,45 | 2837 | 4.33 | 3 395 | **4,70** |
| Вкупно | **30 284** | **48,07** | **33347** | **50.91** | **37 032** | **51,22** |

### Пријавување државна матура за учениците од завршните класови

За полагање на државна матура од оваа учебна 2024/25 година, пријавени се вкупно 158 ученика од кои: гимназиско образование 55 ученика, 93 ученика стручно образование и 10 вонредни ученика.

Полагаа вкупно 151 ученик, а положија 150, односно еден ученик од хотелско-туристичка струка не положи, не го оформи своето средно образование.

Табеларниот приказ за државна матура, завршен испит за четврт степен и завршен испит за трет степен за редовните и вонредните ученици од завршните класови, е следниот :

Државна матура

| образование | пријавиле | полагале | положиле | не положиле |
|---|---|---|---|---|
| гимназиско | 55 | 55 | 55 | 0 |
| стручно | 103 | 96 | 95 | 1 |
| Вкупно | 158 | 151 | 150 | 1 /не го оформуваат средно образование |

Училишна матура

| образование | пријавиле | полагале | положиле | не положиле |
|---|---|---|---|---|
| Гимназиско | 2 /вонредни | 2 /вонредни | 2 /вонредни | 0 |
| Вкупно | 2 | 2 | 2 | 0 |

Завршен испит за стручно образование IV- степен

| Квалификација | пријавиле | полагале | положиле | не положиле |
|---|---|---|---|---|
| Хотелски техничар | 2+12/вонредни | 2+12/вонредни | 2+12/вонредни | 0 |
| Машински техничар за моторни возила | 14+1/вонредни | 14+1/вонредни | 14+1/вонредни | 0 |
| Вкупно | 29 | 29 | 29 | 0 |

Завршен испит за стручно образование III- степен

| | пријавиле | полагале | положиле | не положиле |
|---|---|---|---|---|
| Готвачи и келнери | 2 | 2 | 2 | 0 |
| Автомеханичар и заварувач | 1 | 1 | 1 | 0 |

## Структура на училиштето

За управувањето и раководењето на училиштето е надлежна структурата на училиштето, која ја сочинуваат – училиштен одбор, совет на родители, наставнички совет, стручни активи, ученичка заедница.

### Членови на училишен одбор

Училишниот одбор е орган на управување во училиштето. Брои дванаесет членови и тоа: 4 претставници од наставници, 3 претставници од родители на ученици, 3 претставници од основачот, еден претставник од Министерството за образование и наука и еден претставник од деловната заедница.

Членови на УО се:

Основач: Далиборка Костадинова, Павлинка Ичева и Розита Андонова.

МОН: Владо Ангеловски.

Родители: Благица Радинска, Александра Капсарова и Билјана Делова Николова.

Наставници: Русица Атанасова, Тања Чугунцалиева, Лидија Јовановска и Андон Картов.

Од деловната заедница: Емил Ќириќ.

Претседател на УО: Русица Атанасова.

### Членови на Совет на родители

Советот на родители го сочинуваат претставници на родители избрани од сите паралелки и тоа еден родител од паралелка.

### Стручни активи

Стручните активи ги утврдуваат програмите за работа на наставниците од исти или сродни предмети. Во оваа учебна година ќе работат следниве активи:

| *Стручен актив* | *Одговорен наставник* |
|---|---|
| Македонски јазик | Славица Маркова |
| Англиски јазик | Андријана Џинова |
| Француски јазик | Мирјана Чамџиќ |
| Германски јазик | Ристо Диманчев |
| Општествени науки и уметности | Илија Атанасов |
| Спорт и спортски активности | Никола Караколев |
| Математика, информатика и физика | Горан Манев |
| Природни науки и здравство | Снешка Аризанова |
| Машинство | Иван Шапкаров |
| Економија, право и трговија | Билјана Панова |
| Угостителство и туризам | Марина Калкова |

*Програма за работа на активите се дадени во прилог на извештајот.

### Наставен кадар во училиштето

| *Ред.број* | *Наставник* | *Предмет/струка* |
|---|---|---|
| 1 | Стојанов Трајче | Спорт и спортски активности |
| 2 | Аврамов Тони | Македонски јазик и литература |
| 3 | Андонов Костадин | Историја |
| 4 | Јовевска Христина | Биологија |
| 5 | Аризанова Весна | Француски јазик |
| 6 | Беќарова Јулија | Спорт и спортски активности |
| 7 | Делиџакова Гордана | Географија |
| 8 | Арнаудов Кирил | Спорт и спортски активности |
| 9 | Диманчев Ристо | Германски јазик |
| 10 | Арџанлиева Танева Снежана | Филозофија |
| 11 | Атанасов Илија | Музичка култура |
| 12 | Атанасова Жаклина | Македонски јазик и литература |
| 13 | Атанасова Русица | Математика |
| 14 | Кичукова  Снежана | Економска струка |
| 15 | Бизоев Бранко | Угостителска струка |
| 16 | Бизоев Ангела | Угостителска струка |
| 17 | Карајанов Јован | Здравствена струка |
| 18 | Гелов Михаил | Машинска струка |

| | | |
|---|---|---|
| 19 | Макревска Бисерка | Македонски јазик и литература |
| 20 | Манчева Вања | Македонски јазик и литература |
| 21 | Дагалева Тодорка | Историја |
| 22 | Дуганова Емилија | Англиски јазик |
| 23 | Стефанија Делева/Камчева Ана | Угостителска струка |
| 24 | Јанишлиева Јасмина | Логика, Граѓанско образование |
| 25 | Јовановска Лидија | Угостителска струка |
| 26 | Какров Антонио | Угостителска струка |
| 27 | Калкова Марина | Угостителска струка |
| 28 | Караколев Никола | Спорт и спортски активности |
| 29 | Картов Андон | МТЗ |
| 30 | Картова Розета | Ликовна уметност |
| 31 | Колев Сашко | Физика |
| 32 | Ангелкова Магдалена | Биологија |
| 33 | Костова-Папалазова Јасмина | Математика |
| 34 | Котев Марија | Англиски јазик / СПУ |
| 35 | Аризанова Снешка | Хемија |
| 36 | Нечевски Борче | Машинска струка |
| 37 | Лешевска Зорица | Биологија |
| 38 | Лешевски Милан | Хемија |
| 39 | Манев Горан | Информатика |
| 40 | Маркова Славица | Македонски јазик и литература |
| 41 | Кркотиќ-Прошевска Ивана | Германски јазик |
| 42 | Мицева Јасмина | Економска струка |
| 43 | Панова Билјана | Економска струка |
| 44 | Д-р Маринела Попова | Здравствена струка |
| 45 | Папалазов Сашо | Математика |
| 46 | Петкова Драгица | Математика |
| 47 | Пренда Кристина | Англиски јазик |
| 48 | Самарџиев Јован | Англиски јазик |
| 49 | Д-р Ангела Димитриеска | Здравствена струка |
| 50 | Семенаков Влатко | Спорт и спортски активности |
| 51 | Смилков Миле | Историја |
| 52 | Д-р Вангелина Ристова | Здравствена струка |
| 53 | Стефанов Стефчо | Психологија |
| 54 | Стефанија Делева | Угостителска струка |
| 55 | Илиевска Илинка | Здравствена струка |
| 56 | Тошева-Раманчева Софија | Економска струка |
| 57 | Никова Ирена | Социологија |
| 58 | Трајкова Кристина | Англиски јазик |
| 59 | Ќаева Александра | Македонски јазик и литература |

| | | |
|---|---|---|
| 60 | Ќаева Павлина | Информатика |
| 61 | Џинов Томе | Физика |
| 62 | Трајков Стојан | Машинска струка |
| 63 | Николова Јасмина | Економска струка |
| 64 | Филов Зоран | Математика |
| 65 | Чамџиќ Мирјана | Француски јазик |
| 66 | Чугунска Блашка | Географија |
| 67 | Чугунцалиева Тања | Македонски јазик и литература |
| 68 | Џинова Андријана | Англиски јазик и литература |
| 69 | Џишева Даниела | Македонски јазик и литература |
| 70 | Шапкаров Иван | Машинска струка |
| 71 | Џотова Магдалена | Физика |
| 72 | Д-р Рубен Цветановски | Здравствена струка |
| | | |

## Мисија и визија

### МИСИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

- ❖ Постојано развивање на нови можности за реализација на квалитетно образование;
- ❖ Усовршување на наставата преку современа теоретска и практична настава со примена на современи наставни методи и техники;
- ❖ Да се одржи и зачува позитивниот приод кон учењето кај младиот човек за да создадеме активен граѓанин со развиени знаења, вештини и ставови, со развиени компетенции за креативност, иницијативност, способност за решавање на проблеми, за одлучување, способност за социјална инклузија, кои ќе им овозможат на учениците лична сатисфакција и развој, потребни за нивното понатамошно вработување или продолжување на образованието.
- ❖ *Квалитетно образование темел за нашата подобра иднина!..*

### ВИЗИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

- ☑ Училиштето да создаде добри услови за комплетно и квалитетно образование од различни области со примена на современи методи и техники;

- ☑ Усовршување на наставата и прилагодување на наставните теми и содржини според потребите кои ги имаат младите луѓе во современиот начин на живеење;
- ☑ Развој и почитување на индивидуални квалитети и вредности кај секој поединец;
- ☑ Соработка меѓу учениците, наставниците и родителите без разлика на полот, верската припадност и националноста, меѓусебно почитување, надминување на стереотипите и предрасудите, а воедно и на разликите и тенденција за толеранција и понатамошна соработка и размена на идеи, искуства и традиционални вредности со сите учесници вклучени во образовниот процес;
- ☑ Развивање на добра и квалитетна соработка, тимска работа, взаемно почитување меѓу наставниците како и релација со учениците и родителите;
- ☑ Поттикнување на индивидуалниот развој на учениците, нивната активност, иновативност, креативноста и натпреварувачкиот дух на работа, преку примена на современи наставни методи за работа и стандарди за оценување, како и примена на ИКТ, со цел да создаваме успешни генерации;

*Со вистинско образование до вистински вредности кај личноста на ученикот!...*

## Настава

### Организација на задолжителната настава

Учебната година започнува на 1 септември 2024 година, а завршува на 31 август 2025 година.

Наставната година започнува на 2 септември 2024 година и завршува на 10 јуни 2025 година, освен за учениците од завршните години од гимназиското образование, стручно образование со четиригодишно и тригодишно траење на образованието за кои редовната настава завршува на 16 мај 2025 година.

Наставната година ја сочинуваат две полугодија – I и II полугодие.

Првото полугодие започнува на 2 септември 2024 година и завршува на 31 декември 2024 година.

Второто полугодие започнува на 20 јануари 2025 година и завршува на 10 јуни 2025 година.

Во текот на учебната година учениците користат зимски и летен одмор.

Зимскиот одмор започнува на 1 јануари 2025 година и завршува на 19 јануари 2025 година.

Летниот одмор започнува на 11 јуни 2025 година и завршува на 31 август 2025 година.

### Наставни планови

Наставните планови за гимназиско образование и стручно образование, во учебната 2024/25 година се подготвуваат во согласност со законските одредби за реализација на воспитно – образовната дејност од овој тип настава

Наставниот план за гимназиско образование и стручно образование е конципиран во четири дела:

- Задолжителни предмети

-Изборни предмети

- Проектни активности

-Содржини програмирани од училиштето

Задолжителните предмети се програмско јадро и се однесуваат на сите ученици. Со нив се обезбедува општообразовен стандард знаења кој ќе им овозможи на учениците проодност во сите подрачја на гимназискиоти стручниот систем на образование.

Изборните предмети во гимназиското образование се групирани во две изборни подрачја:

- општествено – хуманистичко А и Б

- природно- математичко А и Б

Изборните предмети во стручното образование се во економско-правна и трговска струка, машинска струка, угостителско-туристичка струка и здравствена струка.

Овие подрачја нудат содржини кои им овозможуваат проодност на учениците на факултетите во Република Северна Македонија. Со содржините кои ги обработуваат тие ја поттикнуваат креативноста на учениците и ги збогатуваат нивните знаења.

## Проектни активности и содржини програмирани од училиштето

Индивидуалните интереси на учениците се реализираат преку изборот на проектни активности и содржини програмирани од училиштето кои на учениците им нудат можност да ја реализираат својата креативност и потенцијали, надвор од редовната настава.Тие се изведуваат според стандардите пропишани од БРО, ЦССО и соодветен фонд на часови, во сите четири години, по слободен избор на ученикот и во зависност од капацитетите и можностите на училиштето. Учениците избираат една од понудените проектни активности, а како задолжителна се изведува Иновации и претприемништво.

## Дополнителна настава

Дополнителната настава ќе се организира во текот на целата учебна година.Таа опфаќа наставни содржини кои од одредени причини учениците не успеале да ги совладаат. Овој тип настава подразбира индивидуален пристап во работата со учениците, но и начин за подобрување на успехот на учениците и предметниот наставник. Наставниците со одредени ученици кои последователно покажуваат послаб успех во работата, активно ќе ги реализираат задачите и целите кои се предвидени со овој метод на работа со учениците. Индивидуалниот пристап има силна мотивациска улога во интегрирање на учениците кои не покажале успех во редовната настава. Оваа настава ќе ја реализира секој предметен наставник, со изготвување план за распоредот на работните обврски, во текот на своето работно време. Соработници на наставникот ќе бидат педагошко – психолошката служба и раководителите на смена.

## Додатна настава

Додатната настава се планира и реализира со учениците кои покажуваат особено изразен интерес за одредени наставни содржини. Цел на овој тип настава е да се обезбеди систематска работа со надарените ученици. Во реализацијата на овој тип настава се поттикнуваат

креативноста и способностите на учениците за творечко истражување. Наставниците изготвуваат и реализираат посебна програма наменета за оваа категорија ученици од сите четири години гимназиско образование и стручно образование.

## Меѓународни проекти

Континуирано, во изминатите учебни години, се реализираат проектите од програмата, „Еразмус +" од кои учениците во струките стекнуваат знаења од практична настава во европски земји. Наставниците стекнаа искуство во пополнување апликации за проекти и успешно овозможуваат грантови и проекти за училиштето. Во изминатиот период од работењето на училиштето, низ реализацијата на воспитно-образовниот процес, проектните активности и меѓународните соработки, беа стекнати следниве значајни сознанија и искуства:

- **Потреба од континуирана надградба на наставниот кадар** – учеството во обуки, семинари и проекти покажа дека професионалниот развој е клучен за квалитетна настава и современ пристап кон учениците.
- **Инклузивност и индивидуален пристап** – се потврди важноста на поддршката на учениците со различни образовни потреби и креирање позитивна и мотивирачка училишна клима.
- **Подобрување на дигиталните компетенции** – практичната примена на дигиталните алатки во наставата и административната работа придонесува за поефикасна организација и поголема заинтересираност на учениците.
- **Соработка со локалната заедница и институциите** – активностите со општината, стопанството и невладиниот сектор го потврдија значењето на партнерствата за збогатување на наставните содржини и за унапредување на практичната настава.
- **Меѓународна размена и Еразмус+ искуства** – учеството во европски проекти ја поттикна интернационализацијата на училиштето и придонесе за пренос на добри практики, културна размена и нови методологии.
- **Значење на тимската работа и вклученоста на сите чинители** – училиштето постигнува подобри резултати кога наставниците, учениците, родителите и локалната заедница активно соработуваат.
- **Потреба од систематска евалуација и самоевалуација** – редовното следење на постигнувањата и предизвиците овозможува подобро планирање и донесување информирани одлуки.

Овие искуства ќе бидат насока за понатамошно планирање и подобрување на наставно-образовниот процес, како и за развој на стратегиите и приоритетите во новата учебна година.

СОУ „Јосиф Јосифовски" – Гевгелија е добитник на **Повелба за стручно образование и обука во рамки на Еразмус+ програмата**. Со ова признание, училиштето се стекнува со можност за долгорочна и стратешка вклученост во европското образовно пространство, преку обезбедување на континуитет и квалитет во меѓународните активности и мобилности на ученици и наставници.

Главните цели на повелбата се:

- Унапредување на квалитетот на стручното образование и обука;
- Зголемување на мобилноста на ученици и наставници во земјите на ЕУ;
- Поттикнување на интернационализација на училиштето;
- Стекнување практични вештини и искуства во согласност со потребите на современиот пазар на труд;
- Промовирање европски вредности, мултикултурна соработка и активно граѓанство.

Во рамки на Годишната програма, училиштето ќе:

- Реализира активности за мобилност на ученици и наставници во партнерски училишта и организации во Европа;
- Работи на развој и имплементација на нови наставни практики и програми во согласност со европските стандарди;
- Организира дисеминациски настани за споделување на искуствата од мобилностите со ученици, наставници, родители и локалната заедница;
- Ја зајакнува соработката со стопанството и локалните институции преку практична настава и заеднички активности.

Со имплементацијата на Повелбата за стручно образование и обука, СОУ „Јосиф Јосифовски“ – Гевгелија ќе продолжи да гради свој **европски профил**, создавајќи генерации ученици подготвени за вклучување на европскиот пазар на труд и општеството во целина.

Повелбата за стручно образование и обука обезбедува општа рамка за квалитет на активностите во европската и меѓународната соработка, поддршка во градењето на капацитетите за организирање на квалитетни мобилности на ученици и вработени, а во исто време и промовирање и развој на квалитетот на мобилноста. Училиштето СОУ Јосиф Јосифовски од Гевгелија ги исполни сите критеруми и стандарди и успешно аплицираше за Европската Повелба за стручно образование и обукаво програмата Еразмус+.

СОУ„Јосиф Јосифовски“-Гевгелија се стекна со втората акредитација за стручно образование и обука од страна на Националната агенција за европски програми и мобилност за клучна акција 1 од програмата „Еразмус +“ за временскиот период од 2021г. до 2027 година.

Доделувањето на акредитацијата за проектите од програмата „Еразмус +“ е потврда дека СОУ„Јосиф Јосифовски“-Гевгелија како апликант имаше соодветни и ефективни процеси и мерки за спроведување на висококвалитетни мобилности и успешни проекти. Како унифицирано признание на европско ниво, учениците и наставниот кадар од секторот угостителство и туризам, економија, право и трговија  и секторот машинство  реализираат мобилности со цел да ги прошират своите знаења и вештини преку практична обука кај етаблирани партнер-организациии. Учениците и наставниот кадар ќе се стекнат со европско искуство и ќе ги зголемат своите професионални компетенции за пазарот на трудот.

СОУ Јосиф Јосифовски од Гевгелија во европскиот образовен простор: Еразмус+ мобилност во Шпанија

Во рамките на програмата ЕРАЗМУС+, акција КА102 – мобилност на ученици и кадар во стручно образование и обука, СОУ „Јосиф Јосифовски“ успешно го доби и започна со имплементација на проектот „Skills for Sustainable Growth: A Synergy of Economy, Engineering and Tourism“ (Вештини за одржлив раст: Синергија на економијата, инженерството и туризмот).



Проектот е поддржан од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност (https://www.na.org.mk/) и овозможува интернационално стручно усовршување за нашите ученици од секторите:

Економија, право и трговија

Машинство

Угостителство и туризам

Мобилноста се реализира во периодот од 13.04.2025 до 26.04.2025 година во Малага, Шпанија во соработка со партнерската организација Euromind (https://euromind.es/), под менторство на наставниците Јасмина Николова и Јован Самарџиев.

За време на престојот, учениците имаат уникатна можност да стекнат практично искуство преку работа во реална средина во соодветни компании, со што ќе ги унапредат своите знаења и професионални компетенции, а истовремено ќе развијат професионални вештини, социјални и мултикултурни, интеграција во различни средини, одговорности, јазични подобрувања, конкурентност на пазарот на труд и размена на искуства и знаења.

Оваа мобилност им овозможува на нашите ученици да стекнат знаења, вештини и навики кои се потребни за вршење на работата во рамки на квалификацијата и оспособување за брзо вклучување во процесите на конкретна технологија на работа.

Нашата цел е учениците да стекнат соодветно искуство во одредено подрачје и да развијат потребни вештини со кои се зголемува нивната подготвеност за вработување и работа, преку извршување работни задачи кај работодавач, согласно со утврдена програма.

Проектот претставува одлична можност за размена на идеи и искуства, развој на интеркултурна соработка и подготовка на учениците за пазарот на труд во една современа и европска рамка.




Горди сме што нашето училиште е дел од европското семејство на училишта што вложуваат во иднината на младите преку образование, мобилност и соработка!






Заедно креираме, создаваме, учиме и се дружиме во заедничките проекти кои успешно се реализираат.

Нашето училиште беше домаќин на третиот транснационален состанок на партнерите за проектот Еразмус+ CLOSE, чија главна цел е промовирање на филмот како алатка за развој на социо-емоционалните вештини кај младите.

На 11-ти декември, во рамки на проектот, се одржа значаен настан со ученици од **Cinemalabs**, каде што се проектираа два филма:

**„Списокот на Тони Манца"**, документарен филм на режисерката Марија Џиџева

„**Огледало"**, продукција на Дом на култура „Македонија" – Гевгелија, а по сценарио и режија на Силвестер Проле.

По проекцијата на филмовите, учениците, наставниците и партнерите имаа можност да учествуваат во дискусија каде што се разговараше за важноста на зачувувањето на културното наследство, емпатијата и одговорноста во општеството. Оваа дискусија поттикна значајни прашања и размислувања за улогата на филмот во воспитно-образовниот процес.

Во текот на двата дена, партнерите од Витербо, Фиренца и Верона од Италија и Никозија од Кипар работеа на преглед и анализа на резултатите од проектот, стратегии за одржливост и дисеминација, како и подготовка на идни активности за успешна имплементација на целите на проектот. Настанот беше заокружен со пријатна дружба и посета на значајни локални дестинации.



Со гордост можеме да кажеме дека СОУ „Јосиф Јосифовски" повторно покажа дека е училиште кое активно придонесува кон развојот на младите и интернационалната соработка.













СОУ „Јосиф Јосифовски“ – Гевгелија со гордост објавува дека е партнер во новиот европски Еразмус+ проект **START-DS** (*Smartphone as a Tool for an Active and Reflective Transition toward Digital School*). Проектот има за цел да ја поддржи дигиталната трансформација во образованието преку свесна, одговорна и едукативна употреба на паметните телефони.

На 27 јуни 2025 година во Угостителската сала на СОУ „Јосиф Јосифовски“ – Гевгелија се одржа промотивна вечер со наслов „Учиме филмски“, организирана во рамки на проектот CLOSE – Инклузивни образовни средини и социјално-емоционално учење преку филм, финансиран од Европската Унија преку програмата Еразмус+. Проектот се спроведува во 6 партнер организации од 4 земји. Координаторите на проектот се од Италија, а други европски земји вклучени се Франција и Кипар. Преку проектот, партнерите заеднички работат на развој на иновативен пристап кон филмската едукација и социјално-емоционалното учење.

Во рамки на настанот беа прикажани три кратки филмови создадени од ученици во текот на CinemaLab работилниците. Исто така, присутните имаа можност да се запознаат со едукативните ресурси од проектот – Kinokit и Е-книга, достапни и на англиски и македонски јазик.




🎬Панел-дискусија со експерти:

- Марија Џиџева – филмски режисер;

- Даниела Станковска Плачковска, магистер по културолошки науки;

- Проф. д-р Јани Бојаџи, режисер, сценарист и продуцент и

- Сребра Ѓорѓијевска, новинар.






Темите на панелот се однесуваа на:

- улогата на филмот како едукативна алатка за социјално-емоционално учење, промовирање емпатија, инклузија, тимска работа и критичко размислување;

- влијанието на CinemaLab методите врз младите креативци;

придобивки и предизвици на филмското образование во ерата на вештачката интелигенција и

- иднината на креативните професии и нови филмски формати.

Проектот CLOSE – Инклузивни образовни средини и социјално-емоционално учење преку филм обединува ресурси, алатки и методи од различни европски земји, обезбедувајќи конкретни модели за користење на филмот како средство за поддршка на учениците кон развој на самосвест, емпатија и меѓусебна соработка.

Проектот е дел од Еразмус+ програмата **КА220 – Партнерства за соработка во средното образование** и е финансиран од Европската Унија преку Италијанската национална агенција – INDIRE. START-DS обединува партнери од Италија, Полска, Ирска, Бугарија и Македонија со заедничка цел да се поттикне одговорна и едукативна употреба на дигиталните уреди – особено паметните телефони – во училиштната средина.

Целта на проектот START-DS е да се поттикне критичка и креативна употреба на паметните телефони кај учениците, при што тие ќе се користат како алатка за учење, саморефлексија и личен развој. Проектот истовремено се стреми кон зајакнување на емоционалните и социјалните вештини кај младите преку примена на нови дигитални алатки кои поддржуваат психо-социјално здравје. Наставниците и директорите ќе добијат стручна поддршка и обуки за ефективно управување со дигитални уреди во училиштата и справување со современите предизвици поврзани со нивната употреба. Проектот има за цел и да промовира добри практики и иновативни пристапи во наставата, кои ја поддржуваат дигиталната трансформација на одговорен, безбеден и инклузивен начин.




Во рамките на проектот се развиваат два клучни производи:

1. **Dear-IO** – мобилна апликација наменета за учениците, која овозможува саморефлексија, водење на личен дигитален дневник и поттикнување на емоционална стабилност.

2. VOICE-DS – водич за наставници и директори кој вклучува препораки, примери од пракса и стручни одговори на актуелни прашања поврзани со дигиталната култура во училиштата, подготвени од тимови на педагози, психолози и правни експерти.

Овие алатки се дизајнирани да го олеснат преминот кон дигитално училиште што не само што користи технологија, туку ја интегрира на начин што ја зајакнува човечката поврзаност, свесноста и личниот раст.

Проектот во СОУ „Јосиф Јосифовски" го реализира посветен тим составен од Снежана Кичукова, Вања Манчева, Александар Делиџаков и Снежана Сарамандова. Тимот учествуваше во подготовката и аплицирањето на проектот, а активно е вклучен и во неговата имплементација – од планирање активности, учество на меѓународни состаноци, до реализација и промоција на резултатите на локално и европско ниво.

Досега, во првите шест месеци од имплементацијата, се реализираа повеќе значајни активности. Проектот официјално започна со Kick-off состанокот во декември, на кој се одржа првата средба меѓу партнерите. На оваа средба, тимот од СОУ „Јосиф Јосифовски" ја презентираше стратегијата за комуникација и споделување, која ќе биде водечка во објавувањето на резултатите и ангажирањето на јавноста.

Во текот на редовните месечни онлајн состаноци, активностите беа насочени кон првата фаза од проектот – анализа на потребите. Секој партнер спроведе истражување во своето училиште со цел да се идентификуваат специфични предизвици и потреби поврзани со дигиталната писменост, употребата на паметните телефони и психо-социјалната благосостојба на учениците. Тимот од нашето училиште активно учествуваше во спроведувањето анкети, интервјуа и обработка на податоци, чија анализа ќе послужи како основа за следните проектни чекори.




Нашето училиште беше активно застапено и на транснационалниот состанок што се одржа во Лублин, Полска, каде секое партнерско училиште ја презентираше својата улога и вклученост во проектот. Како одговорни за работниот пакет за комуникација и дисеминација, ги презентиравме планираните и постигнатите цели и отворивме дискусија за подобрување на

процесот на споделување на работата и резултатите на проектот. Дискусијата продолжи во фокусот на анализата на добиените податоци и нивната примена во наставниот процес со цел унапредување на квалитетот на образованието преку креирање на апликација која ќе ги решава проблемите на учениците во наставниот процес.






Овој транснационален состанок претставуваше одлична можност за размена на искуства, унапредување на соработката и зајакнување на проектните активности.

На 26.8.2025 година, во просториите на угостителската сала при СОУ „Јосиф Јосифовски“ – Гевгелија, се одржа дисеминација од проектот Erasmus + KA1, на тема: „Унапредување на вештините на наставниците во мултикултурни училници“.



Тимот составен од стручниот соработник, педагог Маја Проданова, наставниците: Славица Маркова, Јулија Беќарова, Тања Чугунцалиева, Билјана Панова, Горан Манев и Сашо Папалазов, ги презентираа своите искуства и знаења стекнати на обуката во Атина, споделувајќи добри практики, идеи и препораки за поинклузивна и поуспешна настава. Благодарност до сите присутни колеги кои активно се вклучија во дискусиите и придонесоа со своите примери и интеракција. Со вакви активности го зајакнуваме професионалниот развој на наставниците и ја градиме нашата училишна заедница како простор на почитување, толеранција и заедничко учење.














## Патронен ден на училиштето

СОУ „Јосиф Јосифовски“ од Гевгелија го прослави својот патронен ден – 73 години од своето постоење. Во преполната сала на Народниот театар присутни беа и вработени и наставници од техничкото училиште „Михајло Пупин“ од збратимената Инџија.



Програмата беше збогатена со учеството на Училишниот хор кој изведе две композиции: An Irish Blessing - James Moore и Gagliarda - Baldassare Donatto, под менторство на професорот Илија Атанасов.

За развојот и идните стратегии и планови на училиштето зборуваше директорот на Училиштето Александар Делиџаков, а свое обраќање имаше и Драгана Винчиќ Младеновиќ, директорка на ТШ „Михајло Пупин“ Инџија.

За педесетгодишното соработување меѓу овие две училиште беше прикажан краток филм со наслов: „50 Години пријателство“ под менторство на професорот Тони Аврамов.

На манифестацијата беше изведена театарската претстава „АДСКА МАШИНА“ на текст од Венко Андоновски, во изведба на Драмската група „Дон Кихот“, а во режија на професорката Даниела

Џишева. Техничката обработка на аудио-визуелните елементи во претставата беше на професорот Тони Аврамов.



Во претставата учествуваа: Зоран Кундурџиев, Весна Делева, Костадин Узунов, Јована Дупарова, Андреј Димов, Бранко Проданов, Катерина Јовановска и Јован Грозданов, Силвестер Проле, Стефан Миленковиќ и Кристијан Петанчевски.

Техничка поддршка: Илија Маркудов, Петар Паласкаров, Марија Шуклева, Јована Мачукова, Борче Стевановски и Давид Кокочев.

Водители на манифестацијата беа: Весна Делева и Зоки Кундурџиев под менторство на професорката Александра Ќаева.

Манифестацијата се одржа во рамките на „Гевгелија - град на културата 2025“



СОУ„Јосиф Јосифовски“-Гевгелија со бројни активности го прославува својот патронен празник.

Во чест на својот патрон Јосиф Јосифовски – Свештарот беше положено свежо цвеќе на неговата биста од страна на вработените и учениците од ова училиште.

На 12.4.2025 година со почеток во 19:30 часот се одржа свечена академија со поздравни говори на директорот а училиштето, Алексадар Делиџаков и директорката а ТШ „Михајло Пипин“ од Инџија Драгана Винчиќ Младеновиќ. Во рамките на славењето ќе биде изведена театарската претстава „Адска машина“ од Драмската група „Дон Кихот“, а ќе настапи и училишниот хор.

## Квиз на знаење Кој знае, знае – кој не, ќе научи!

Веќе третата сезона по ред, квизот на знаење во СОУ „Јосиф Јосифовски“ – Гевгелија ги обединува учениците од сите години, струки и профили во парови полни со знаење, натпреварувачки дух и добра забава!

Професорите Милан Лешевски, Горан Манев, Миле Смилков и Стефче Стефанов, го организираат и водат овој уникатен квиз во неколку возбудливи квалификациски рунди и завршно финале во живо пред публика!

Финалето на **„Кој знае, знае – кој не, ќе научи“** помина одлично! Во убава атмосфера и со задоволна публика! 👏

🏆 Првото место го освоија новите сили – **Ангел Аевски и Петар Цуклев (Давид и Голијат)**.
🥈 Вечните вицешампиони – **Чунга Лунга** - **Илија Иванов** и **Љупчо Панов**, повторно беа на чекор до титулата!

И на третото место, **Гигантите-Ѓорги Новаковски** и **Дарко Јованов.**
Разликата? Само 1-2 прашања од 50!

🎯 И публиката играше – возрасен победник, ученици, наставнички – сите вклучени, сите насмеани.
На крај: пофалби и поттик да продолжиме. И ќе продолжиме!

Уште еднаш, благодарност до сите учесници и поддржувачи на овој, веќе традиционален настан







## Промоција на училиштето – Отворен ден

СОУ „Јосиф Јосифовски“ го организираше отворениот ден за полуматурантите коишто ќе се запишуваат во прва година во учебната 2025/2026 година. Учениците од основните училишта од Општина Гевгелија имаа можност да се запознаат со наставните планови и програми и новите можности кои им се нудат. На поставените штандови, професорите и учениците преку презентации и промотивен материјал, но и практични примери им ги презентираа постојните стручни профили, како и техничките и просторни услови на присутните кои дојдоа на овој отворен ден.














## Социјален дијалог за упис во средно образование на општинско ниво

Во организација на Општина Гевгелија и СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија, во Средноучилишниот центар, беше одржана работилница на тема: „Социјален дијалог за упис во средното образование на општинско ниво“. На средбата беа поканети и присуствуваа претставници и раководители од локални компании, директори на основните училишта,

наставници, родители, како и претставници на општинската администрација од Одделението за образование во Општина Гевгелија.

Воведно обраќање на работилницата имаше директорот на СОУ „Јосиф Јосифовски"- Гевгелија, Александар Делиџаков, кој ја искажа својата благодарност за присуството на претставниците од бизнис-заедницата, како и за придонесот во креирањето образовни политики согласно потребите на пазарот на трудот во општина Гевгелија, процесот за успешната подготовка за уписот на ученици во средното образование за учебната 2025/2026 година и унапредување на средното стручно образование. Притоа, преку презентација сподели статистички податоци за бројот на запишани ученици во струките, при што беше констатирано дека интересот на учениците за средно стручно образование расте по воведувањето на дуалниот модел на стручно образование и учење низ пракса во СОУ „Јосиф Јосифовски", во соработка со локалните компании. Исто така истакна дека СОУ „Јосиф Јосифовски"- Гевгелија со понудата на разновидност на квалификации во стручното образование, динамични и модерни наставни програми, практична обука во компанија, овозможува здрава и сериозна основа за понатамошен успешен кариерен и личен развој на ученикот.

Стручното образование е цврсто поврзано со стопанството, пазарот на трудот и со други социјални системи. Со воведување стратешки промени во техничкото образование, неговото модернизирање мора да вклучи флексибилно и транспарентно ниво на образование засновано на принципите на доживотното учење, кое треба да одговара на индивидуалните потреби и потребите на пазарот на трудот на национално и локално ниво. Вака конципирано, техничкото образование треба да го поддржи општествено-економскиот развој, нудејќи им на сите запишани ученици, односно на сите поединци можност да стекнат знаења, вештини и компетенции неопходни за вршење работа, односно да се здобијат со квалификации потребни на пазарот на трудот, но и за продолжување на образованието. Тоа треба да го направи техничкото образование доволно отворено и флексибилно за да ги задоволува различните образовни потреби.

## Проект – RYCO Superschools Exchange Programme ( Фондација "Регионална младинска канцеларија за соработка РМКС" – програма за размена меѓу средни училишта од Западен Балкан )




***Проектот Суперучилиште со број 5797, со наслов „Be the change" спои 24 млади и четири професори во една единствена и неповторлива приказна. Овој проект заврши успешно, но она што е најважно е крајниот резултат, а тоа се новите пријателства кои засекогаш ќе потсетуваат на незаборавното искуство, ќе донесат и идни средби кои ќе прераснат во традиција.***

Со цел успешно градење на меѓукултурен дијалог и разбирање, 12 ученици од СОУ „Јосиф Јосифовски" од Гевгелија заедно со своите професори беа во посета на Средното училиште „Јабланица" од Јабланица во збратимената Општина Јабланица, Босна и Херцеговина. Посетата беше во рамките на вториот циклус на програмата Суперучилишта организирана од Регионалната канцеларија за младинска соработка (RYCO), Европската унија, GIZ и Германската влада.

За време на посетата, учениците имаа можност да учествуваат на работилници во кои беа опфатени најразлични теми и активности. Учениците посетија и повеќе знаменитости како Музејот „Битка за ранетите на Неретва", Бункерот на Тито, во градот Коњиц, градот Мостар и неговите знаменитости, јавната кујна „Мерхамет Јабланица". Како симбол на новото пријателство беше засадено дрво во училишниот двор и беа одиграни спортски натпревари во пинг-понг, одбојка и кошарка. Двете училишта изградија мост на пријателства, му дадоа шанса на мирот спојувајќи ги учесниците како да се едно семејство.

Втората размена се случи во Гевгелија со работилници за значењето на соработката, позитивниот конфликт наспроти негативниот и натпреварот меѓу учениците кој може да донесе уште подобри искуства и практики. Гевгеличани како и секогаш го покажаа гостопримството, низ посетите на значајните знаменитости, музеи, локалните компании. Реализацијата на

настаните беше со поддршка од училиштето, но и Општина Гевгелија. Овој проект е во завршна фаза, но она што е најважно е крајниот резултат, а тоа се новите пријателства кои засекогаш ќе потсетуваат на незаборавно искуство, но можеби и идни средби кои ќе прераснат во традиција. Проект Суперучилиште со број 5797, со наслов „Be the change" спои 24 младинци во една, единствена и неповторлива приказна заедно со четворица професори.

## Завршна манифестација на училиштето „Од најдобрите за најдобрите" и прогласување ученик на генерацијата 2024/2025

На 12 јуни 2025 година, СОУ „Јосиф Јосифовски"- Гевгелија го одбележа крајот на учебната 2024/2025 година со завршната манифестација „Од најдобрите за најдобрите".

Во Народниот театар – Гевгелија, со културна-уметничка програма под раководство на менторите: Кире Арнаудов, Кристина Пренда, Емилија Дуганова, Мирјана Чамџиќ и Тони Аврамов беше означено завршувањето на учебната 2024/2025 година.



Традиционално, на учениците кои постигнале значајни успеси и го афирмирале Училиштето, директорот Александар Делиџаков им врачи пофалници. За првпат оваа година на оваа манифестација беше прогласен и ученикот на генерацијата – Ивана Грујиќ, која во изминатите четири години беше успешна во повеќе области вклучувајќи и давајќи значаен придонес како во наставните така и во воннаставните активности.



Настанот беше дел од програмата „Гевгелија град на културата за 2025 година".





DON'T
DO
CAN
DO

YOU
CAN








## ПРИЛОЗИ:

### Годишен извештај за работата на директорот

Директорот на СОУ „Јосиф Јосифовски“ од Гевгелија во работењето во учебната 2024/2025 година се раководеше по следните приоритети:

## 1. ВОДСТВО

1.1. Стратегиско водство

- Градење, споделување и остварување на визијата заедно со сите вработени за развој на училиштето;
- Следење и примена на локалните и националните политики како и глобалните текови во образованието со посебно залагање во спроведувањето на правилниците;
- Организирање и учество во планирањето на целокупната дејност на училиштето;
- Соработката со УО и другите органи и тела во Училиштето;
- Утврдување на предлог за распределба на часовите на наставниците, распределба нараководители на паралелки и задолженија по стручни активи;
- Поделба на задолженија и задачи, организација и следење на реализацијата на ситенаставници во врска со оперативно техничките, административните и стручните подготовкина почетокот на учебната година (оспособување на училишната зграда, формирањепаралелки, изготвување распоред на часовите, утврдување распоред на смени и др.)
- Континуирана соработка со психолошко-педагошката служба и другите органи и тела во Училиштето;
- Формирање комисии за изведување на вонредни испити и следење на истите;
- Завршување на крајниот продукт за Самоевалвација на Училиштето;
- Формирање тимови за: изготвување Извештај за Самоевалуација на Училиштето, за промоција и рекламирање на Училиштето, Тим за развоен план на училиштето;
- Организирање и реализирање на културно-уметнички програми по повод важни датуми, ликовни изложби, литературни читања, учество на разни конкурси во локалната средина, училишни манифестации;

1.2. Училишна клима и култура

- Поддршка на наставниците и учениците за нивни постигања во делот на наставата, воннаставните активности и нивната соработка со локалната средина;
- Создавање атмосфера на позитивна клима и прифаќање и почитување на сите вклучени во воспитно-образовните процеси во училиштето;
- Поддршка на наставниците и учениците за нивни постигања во делот на наставата, воннаставните активности и нивната соработка со локалната средина;
- Почитување и применување на кодексите за вработените, родителите и учениците;
- Создавање систем учениците да се чувствуваат безбедни и прифатени, вклучувајќи ги и учениците со посебни образовни потреби;
- Промовирање на училиштето заедно со наставниците, учениците и нивните родители;
- Обезбеди услови за реализација на активностите од инклузијата, мултикултурализмот, екологија;

- Преземање активности за навремено инфомирање и помагање на ранливата категирија на ученици (семејно, емоционално, социјално запоставени);

1.3 Соработка со родителите и заедницата
- Подобрување на комуникацијата на училиштето со родителите (старателите) преку Советот на родители;
- Презентирање на работата на училиштето и промовирање на постигањата на учениците и наставниците преку локалните медиуми, веб-страницата и социјалните мрежи, изработка на банери, флаери и брошури;
- Соработување со институции од областа на образованието (МОН, БРО, ЦСОО, ДПИ);
- Поттикнување и соработка со други училишта;
- Организирање и учество во работата на родителските средби;

2. РАКОВОДЕЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

2.1.Комуникација и односи со јавноста
- Континуирано комуницирање со вработените во Училиштето преку непосредна(директна), писмена и електронска форма;
- Создавање и одржување на позитивни односи со вработените, родителите, учениците;
- Планирање и редовно навремено информирање на вработените за состаноци;
- Одржување на наставнички совети и совети на годината;
- Активности за градење на односи со јавноста.

2.2. Унапредување на меѓучовечките односи
- Изградба на добри меѓочовечки односи и надминување на конфликтите меѓу вработените;
- Почитување на потребите на вработените заради подобра организација во работењето;
- Вклучување на вработените во донесување одлуки, поставување цели и промени.

2.3. Професионален и кариерен развој
- Планирање и обезбедување услови за професионален развој на наставниците и стручните соработници;
- Следење на стручна литература и информации од областа на образованието и воспитувањето;
- Интерно стручно усовршување на вработените преку непосредни контакти со физичко присуство, но и онлајн;
- Идентификација на приоритети за професионален развој на вработените;
- Учество во проекти, стручни посети и размена на мислења и искуства организирани од релевантни институции.

2.4. Обезбедување кадар, работно воведување и ангажирање
- Промовирање на тимска работа;
- Поддршка на нововработените;
- Континуирано следење на работата на сите вработени и обезбедување соодветна поддршка и развој;
- Формирање тимови и комисии за работа, следење на нивната работа и евалвација на резултатите.

3. ПЕДАГОШКО РАКОВОДЕЊЕ СО УЧИЛИШТЕТО

3.1. Планирање

- Изработка на планови и програма за сопствената работа, односно изработка на динамика за изработка и доставување на годишни планови и планирања;
- Изградување систем за вклучување на вработените во планирање на работата на Училиштето ;
- Увид во Годишни,тематските, дневните планирања на наставниците;
- Увид во работата на педагошко-психолошката служба и нивните активности;
- Реализирање на договори со работни организации, за практична настава со учениците од струките;
- Анализи на податоците.

3.2. Поддршка на наставата и учењето

- Поддршка на наставниците при планирање;
- Анализа на сознанијата добиени од следењето на наставата;
- Користење на наставата и воннаставните активностите (подготовките, реализацијата);

3.3. Обезбедување квалитет (евалуација, самоевалуација и развој)

- Следење и вреднување на ефикасноста на реализација на наставата;
- Задолженија за изработка на квалитетен распоред за настава и распоред на училници во услови на онлајн настава;
- Следење на реализацијата на Годишните планови и програми;
- Поддршка на наставниците да ги следат постигањата на учениците по однос на класови и предмети;
- Обезбедување на потребните дидактички средства, работни материјали, инструменти и друг материјал;

3.4. Обезбедување здрава, безбедна и демократска средина за учење и развој на ученикот

- Обезбедување услови за безбедност и заштита на учениците;
- Обезбедување за реализација на додатната, дополнителната настава, проектни активности, слободни часови на училиштето, практична настава и феријална пракса.
- Згрижување и соодветната работа со учениците со посебни образовни потреби;
- Формирање инклузивен тим;
- Следење на работата на Училишната заедница.

4. ФИНАНСИСКО РАКОВОДСТВО

4.1. Раководење со финансиските ресурси

- Планирање на потребните финансиски средства и соработка со Министерството за образование и наука за навремено обезбедување на истите;
- Следење на наменското трошење на средствата во согласност со одобрениот буџет за Училиштето;
- Користење на буџетот за подобрување на квалитетот на наставата и учењето и развојот на училиштето во целина;
- Извршување на оперативно административните задачи во врска со обезбедувањето и распределбата на личните доходи и материјалните расходи;
- Информирање на органите и телата за трошењето на финансиските средства;
- Обезбедување услови за транспарентно усвојување на кварталните извештаи на финансиските сметки;

4.2. Раководење со материјалните ресурси

- Проценување на потребите и утврдување на приоритетите;

- Обезбедување на наставни средства и помагала согласно потребите на наставата;
- Навремено обезбедување со потребните средства за одвивање на секојдневната работа и грижа за нивното рационално користење.
- Учество во следење на активностите за набавка, опремување и одржување на опремата,средствата, потрошниот материјал и други потреби;
- Преземање на мерки во врска со реконструкција и адаптација на училишната зграда;
- Контрола на правилното задолжување, ракување, употреба и одржување на училишниот имот;

5. ЗАКОНСКО И АДМИНИСТРАТИВНО РАКОВОДЕЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО

5.1. Примена на законските и подзаконските акти

- Обезбедување примена на законската регулатива на Училиштето;
- Информирање на вработените и претставниците од училишните органи и тела за релевантните законски прописи.

5.2. Изработка и примена на интерни акти и документација

- Организирање и учествување во работата на тимови за изработка на интерни акти;
- Доследност во спроведување на интерните акти;
- Спроведување на одлуките на Училишниот одбор.

5.3. Раководење со административните процеси

- Формирање и континуирано и непречено функционирање на стручните органи и тела и учествување во нивната работа;
- Организирање и следење на работата на вработените и обезбедување соодветни услови;
- Давање задачи на вработените, обезбедување да се почитуваат роковите и непосредно раководење со процесот;
- Воспоставување на добро организиран систем за административно работење согасно соодветна законска регулатива.

5.4. Примена на информациските системи во училиштето

- Обезбедување услови за развој и функционирање на информациските системи;
- Одржување и правилно користење на информациско-комуникациската опрема;
- Користење на информациски систем во секојдневната работа.

## Активности спроведени во првото и второто полугодие во учебната 2024/2025 година

За успешна реализација на учебната 2024/2025 година, директорот учествува во подготвувањето на соодветна Годишна програма за работа на училиштето, ги формира тимовите за работа со давање одговорност на истите и слобода за дејствување, овозможи изработка на квалитетен расоред за работа на наставниците, ја формира Комисијата за изведување државна матура, ги формира комисиите за изведување на вонредни испити , за Попис на училиштето, тимовите за инклузија, како и составот на Училишната заедница.

Директорот во текот на учебната 2024/2025 година негуваше континуирана соработка со психолошко-педагошката служба и другите органи и тела во Училиштето. Даваше поддршка на наставниците и учениците за нивните постигања во делот на наставата, воннаставните активности и нивната соработка со локалната заедница, и сите нив активно ги поттикнуваше за промовирање на вредностите на Училиштето преку веб-страницата, социјалните мрежи и локалните медиуми.

Одржуваше активна комуникација и позитивни односи со сите вработени настојувајќи на добри меѓучовечки односи, на разрешување и надминување на недоразбирањата и редовно и навремено ги информираше своите вработени со потребните информации на планираните наставнички совети. Исто така, оствaруваше средби и постојана комуникација со родителите и учениците преку Советот на родители и Училишната заедница соодветно.

Преку континуирано следење на работата на наставниците утврдено е дека планираната настава за првото полугодие ефикасно е реализирана речиси кај сите со мали исклучоци од оправдани или неоправдани причини. Преку посета на час кај новопработените директорот во повеќе наврати, преку советодавни разговори им даде подршка и мотивација за успешна настава.

Директорот активно учествуваше во организацијата на повеќе училишни настани, едукации на повеќе содржини како дел од слободните активности за учениците, дебати, активности од хуманитарен карактер, без оглед дали истите се планирани од наставниците, од Училишната заедница или од надворешни невладини и други граѓански организации во соработка со општината или МОН.

Тековно се одржуваа редовни состаноци со експертите и координаторите за одобрениот грант од РЦФ – Регионален Фонд за Предизвици за реализација на проект Иновативен тренинг центар-ХАБ за развивање вештини на иднината. Овој грант од половина милион евра е наменет за машинската, економската и угостителско-туристичката струка. Грантот е во опрема, нагледни средства од најмодерна технологија, софтверски програми, ИТ опрема, обуки за наставниците и менторите од компаниите, ХАСАП систем и опрема за пракса на учениците од УТТ струка, изградба на објект-опремена работилница за пракса за учениците од машинската струка, опремени канцеларии за пракса на учениците од економската струка. Од страна на општина Гевгелија – одделение за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животна средина добивме правосилно решение со кое ни се одобрува изградба – поставување на фотонапонски електроцентрали на кровната конструкција на источното крило од училиштето, а истата беше предвидена во овој грант. Исто така ни е издадено правосилно решение – одобрение за градење – доградба на нов тренинг центар и адаптација на објект.

СОУ „Јосиф Јосифовски“ – Гевгелија е едно од училиштата кое го доби по втор пат престижниот статус **„Суперучилиште“** што е значаен чекор напред во поттикнување на процесот на градење мир и помирување, меѓукултурно учење и дијалог меѓу училиштата, учениците и нивните заедници.

На настанот „Запознајте ги суперучилиштата“, беше презентирана и проектната идеја која СОУ „Јосиф Јосифовски“ ќе ја реализира во партнерство со средното училиште „Јабланица“ од Јабланица, Р. Босна и Херцеговина.

Програмата RYCO Superschools е клучна иницијатива за градење мир, разбирање и одржлив развој во регионот преку образованието и размената меѓу младите генерации. Програмата ја зајакнува регионалната поврзаност и го намалува етничкиот и културниот јаз меѓу младите од Западен Балкан, размената ги охрабрува учениците да бидат активни граѓани и да учествуваат

во општествените процеси и учениците добиваат можност да патуваат, да стекнуваат нови пријателства и да се запознаат со различни култури.

Проектот ќе се реализира со поддршка од RYCO – Регионалната канцеларија за младинска соработка  и GIZ, а овие размени ќе ја зајакнат мобилноста на младите и ќе воспостават трајни партнерства низ целиот свет.









Одбележан европскиот ден на јазиците. Учениците од СОУ ,,Јосиф Јосифовски “ од Гевгелија и нивните ментори ја започнаа манифестацијата во чест на денот 26 Септември - Европскиот ден на јазиците. Манифестацијата се одржа во училишната аула, а содржините беа изведени на повеќе јазици. Преку кажаниот и запишан збор, преку музиката и песната учениците покажаа дека јазиците немаат граници, тие припаѓаат секому, секаде и секогаш.





Денот на менталното здравје, кој традиционално се одбележува на 10 октомври, е значаен момент за подигање на свеста за важноста на менталното здравје и грижата за психолошката благосостојба на луѓето. СОУ ,,Јосиф Јосифовски, го одбележа овој ден преку различни активности како анкети, работилници и дискусии од страна на педагошко-психолошката служба. Со анкетата стручната служба имаше за цел да испита колку учениците и родителите се информирани за темата на менталното здравје, нивните искуства со стрес, анксиозност или депресија, и дали се чувствуваат поддржани во нивната средина. Работилниците, од друга страна, содржат активности кои вклучуваат техники за справување со стрес, медитација, вежби за подобрување на менталната благосостојба, како и вежби за емоционална интелигенција. Со работилниците, кои ќе продолжат и во наредниот период, со цел да бидат опфатени сите ученици, ќе имаат можност за интеракција, размена на искуства и стекнување нови вештини за подобро справување со предизвиците на секојдневието.

СОУ „Јосиф Јосифовски“ го одбележа Светскиот ден на пешачењето со учество на сите ученици и вработени пешачејќи до Негорски Бањи.





СОУ „Јосиф Јосифовски“ – Гевгелија, аплицираше и успешно беше избран со уште 11 средни училишта од државата на проектот „**Промоција на безбедна училишна средина**“. Проектот го спроведува Коалиција на младински организации СЕГА во партнерство со Македонскиот Центар за Граѓанско Образование, Прва Детска Амбасада во Светот МЕЃАШИ и СМАРТ АП – Лабораторија за социјални иновации, со поддршка од Детската Фондација Песталоци.




Проектот се спроведува во соработка со Министерството за образование и наука, Бирото за

развој на образованието и Државниот просветен инспекторат. Цел на проектот е : „Придонес кон остварување на правото на децата за квалитетно образование во безбедна и партиципативна училишна средина“, а истиот ќе се реализира во текот на две учебни години. За таа цел, во периодот од 25-26.10.2024 година, стучната служба од нашето училиште беше дел од обуката за сите избрани училишта во овој циклус.

На 06 ноември 2024 година, директорот на Македонски Каритас, отец д-р Зоран И.Стојанов, со директорот на СОУ„ Јосиф Јосифовски“ – Гевгелија, Александар Делиџаков, потпишаа Меморандум за соработка и разбирање за проектот Your Job (Youth Ovecoming Unemployment Regionally through Job Opportunities on the Balkans). Во присуство на директорот на Македонски Каритас беа и кариерните советници Верица Ангеловска и Александар Младеновски, кои ја искористија можноста да ги споделат идните активности на проектот за кои со дозвола од директорот на гимназијата, преку организирање на инфосесија ќе имаат можност да слушнат и учениците од оваа средно училиште. После реализирање на инфо сесија има можност за вклучување во бесплатни обуки за меки вештини, а по завршување на образовниот процес и можност за бесплатен професионален курс, платена пракса и други поволности кои ги нуди проектот.




Целта на проектот е дасе придонесе за интеграција на младите кон пазарот на труд, преку овозможување на услуги со кариерно водење и советување, односно по пат на зајакнување на младите за излез на пазарот на трудот, преку развивање компетенции за барање на работа, мотивирање на младите, подготовка за стекнување работно искуство и поголема подготвеност на работодавачите да вклучат млада работна сила во своите компании.

За подобрување на квалитетот на наставата и учењето, преку наменско трошење на средствата во согласност со одобрениот буџет за Училиштето, беа реализирани активности за набавка на ИКТ опрема, со цел подобрување на наставата и административната поддршка. Набавени се 25 лап-топи за учениците, кои овозможуваат побрз и поефективен пристап до дигитални образовни ресурси. Дополнително, обезбедени се 14 десктоп компјутери, распределени за потребите на кабинетите по информатика, наставничката канцеларија и административните простории, што значително ја подобрува работата на персоналот и учениците. Со оваа опрема, училиштето значително ја подобрува својата технолошка инфраструктура и услови за настава.

Во текот на првото полугодие реализирана е набавка на 3 интерактивни панели, а во текот на второто полугодие уште 7 интерактивни панели и 3 смарт табли со вграден образовен софтвер, кои се распределени во училниците за подобрување на наставниот процес. Оваа опрема значително ја зголемува интеракцијата во наставата, овозможувајќи мултимедијални презентации и интеграција на дигитални ресурси. Со ова, училиштето ја подобри својата технолошка инфраструктура и создаде подобри услови за современа и креативна наставна пракса.

Обезбедено е доопремување на кабинетот по географија и ликовна уметност со современи нагледни средства и опрема. За активот по спорт и спортски активности набавена е спортска опрема.

Успешно е спроведена реконструкција на електричната инсталација во канцелариските и административен дел на училиштето. Оваа активност опфати:

1. Демонтажа на старата инсталација - Безбедно отстранување на застарените електрични инсталации кои претставуваа потенцијален ризик за безбедноста.
2. Инсталација на нови кабли и системи - Поставување современи електрични инсталации согласно стандардите за енергетска ефикасност и безбедност.
3. Поставување нова опрема - Замена на прекинувачи, штекери и осветлување со нови, енергетски ефикасни уреди.
4. Тестирање и пуштање во употреба - Извршени се сите неопходни проверки и тестирања за функционалност и безбедност на системот.

Со оваа реконструкција значително е подобрена енергетската ефикасност, зголемена е безбедноста на вработените и обезбедени се услови за непречено работење. Оваа активност е дел од стратегијата за модернизација на инфраструктурата на училиштето.

Во текот на првото полугодие, беа спроведени активности поврзани со проектот за реконструкција на спортското игралиште. Главниот фокус беше насочен кон завршување на тендерската постапка, која беше успешно реализирана. Со ова, обезбедени се сите неопходни услови за почеток на градежните работи, кои се предвидува да започнат и да се спроведат во следниот период. Очекувањата се дека реконструкцијата ќе биде завршена според планираните рокови и стандарди, со цел обезбедување на современо и функционално спортско игралиште за потребите на заедницата. Истото е завршено и на почетокот на учебната 2025/26 година ќе биде свечено пуштено во употреба.

Реализирани се активности поврзани со набавка на потребни материјали за извршување на ситни поправки и тековно одржување. Целта на овие активности беше да се обезбеди непречено функционирање на објектите и опремата. Обезбедено е складирање и распределба на материјалите до одговорните лица за извршување на поправките. Активностите продолжуваат во наредниот период, со фокус на ефикасност и рационализација на ресурсите.

Во првото полугодие од годината, спроведовме активности за испитување на микроклиматските услови во сите простории на училиштето со цел обезбедување оптимални услови за работа и престој на учениците и наставниот кадар. Клучна активност беше мерење на температура, влажност и квалитет на воздухот. Извршено е мерење во училниците, канцелариите и заедничките простории. Податоците покажуваат дека просечните вредности се во рамките на препорачаните стандарди.

Во првото полугодие од годината, организирана и спроведена е обука за Безбедност и здравје при работа (БЗР) на новите наставници. Темите опфатија основни принципи на БЗР, идентификација на ризици и постапување во итни случаи. Активностите спроведени во првото полугодие поставија солидна основа за понатамошно унапредување на безбедноста и здравјето во образовниот процес. Плановите за второто полугодие вклучуваат проширување на обуките и дополнителни практични вежби.
Завршени се постапките за јавни набавки и во периодот кој следува ќе се реализира опремување на стоматолошката лабораторија со современи работни бироа и соодветна опрема, со што ќе се создадат услови за квалитетна практична настава и усовршување на учениците од здравствената струка, како и поставување на нови клупи за седење во западното крило од училиштето, наменети за одмор и престој на учениците во текот на слободните часови. Со наведените инвестиции се подобруваат условите за работа, практична обука и престој на учениците, што претставува значаен чекор во унапредување на квалитетот на воспитно-образовниот процес во училиштето.

Како дел од стратегиската цел од Развојниот план на училиштето за зголемување на бројот на запишани ученици во прва година, се изготвува е-Прашалник наменет до сите ученици кои учат во четирите основни училишта на нашата општина. Многу битна активност е направената анализа на одговорите од Прашалникот чија што цел е преку идентификација на потребите и желбите на основците да се создаде Предлог планот за запишување на ученици во прва година за учебната 2025/2026 година. Ист таков прашалник во е-форма е испратен и до компаниите и од нивните управители и претставници добивме поддршка за реализација на практичната настава и ставање на акцент на стручното образование.

Директор

**Александар Делиџаков**

Годишен извештај за работата на училиштниот педагог
за учебната 2024/2025 година

*Задачите на педагогот се реализирани преку следниве програмски содржини аналогно на програмата:*

| Содржина на работа | Форми,методи, инструменти | Соработници реализатори | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| Прием на ученици во прва година и распоредување по паралелки | Списоци на ученици по ранг листи | Директор, педагог,психолог ,кл.раководители | Септември/ реализирано |
| Формирање на групите за проектните активности,слободните часови | Програма за проектни активности | Директор, педагог,психолог ,координатори на проектни | Септември/ реализирано |
| Планирање и програмирање на сопствената работа. | Индивидуална програма | индивидуално | Септември/ реализирано |
| Стручна помош на наставници почетници. | Договор, консултации. | Директор, педагог,психолог наставници | реализирано во текот на целата учебна година |
| Учество во работата на стручните органи и тела во училиштето. | Дискусии, договори. | Директор, педагог,психолог наставници | реализирано во текот на целата учебна година |
| Увид во документите (пријавите за упис ) на учениците од прва до четврта година | Пријави за упис | Директор, педагог,психолог | Септември/ реализирано |
| Соодветна работа со наставници почетници. | Годишни, тематски планирања и дневни подготовки | Директор, педагог,психолог наставници | реализирано во текот на целата учебна година |
| Увид во годишните и тематските планирања на наставниците. | Наставни програми, консултации, стручна литература | Директор, педагог,психолог | Октомври/ реализирано |
| Увид во педагошката документација и евиденција | Дневници за работа, главни книги | Директор, педагог,психолог | реализирано во текот на целата учебна година |
| Следење на редовноста и прилагодувањето на учениците од прва година | Дневници за работа | Директор, педагог,психолог ,кл.раководители ,наставници | Октомври/ реализирано |
| Состанок со родителите на учениците – родителски средби | Извештаи од родитески средби во дневниците | Директор, педагог,психолог ,кл.раководители | Октомври/ноември реализирано |
| Контрола како се изведува наставата –посета на часови | Посета на часови,увид во годишни ,тематски планирања и дневни подготовки | Директор, педагог,психолог | реализирано во текот на целата учебна година |
| Советувања-консултативна работа со раководители на паралелки. | Консултации, договори. | Директор, педагог,психолог | Октомври/ реализирано |
| Следење и проучување на стручна литература (индивидуално стручно работење). | | индивидуално | реализирано во текот на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | целата учебна година |
| Следење и реализација на додатната,дополнителната настава, проектните активности и слободните часови на училиштето | Дневник за работа | Директор,педагог,психолог | реализирано во текот на целата учебна година |
| Инструктивно-консултативна работа со наставниците во планирањето на наставата, примената на нови методи и техники, интерактивна настава, примена на ИКТ во наставата, МИО и ЕКО содржини | Дневник за работа | Педагог, психолог, наставници | реализирано во текот на целата учебна година |
| Соработка со наставници околу откривањето на талентирани ученици, на ученици со потешкотии во учењето како и ученици со ПОП | Дневник за работа | Директор,педагог,психолог,кл.раководители, наставници, ученици | реализирано во текот на целата учебна година |
| Помош при изработка на ИОП програма | Програма | Директор,педагог,психолог,кл.раководители, наставници | реализирано во текот на целата учебна година |
| Присуство на класни часови по потреба и родителски средби по потреба | Консултации, договори | Педагог,психолог,кл.раководители | реализирано во текот на целата учебна година |
| Присуство на советите | Записници од советите | Директор,педагог,психолог,Раководители на паралелки, наставници | реализирано во текот на целата учебна година |
| Анализа на успехот квартално и полугодишно | Анализа, извештај | Директор,педагог,психолог,Раководители на паралелки, наставници,раководители на смена | Ноември/јануари/мај/јуни е реализирано |
| Изрекување педагошки мерки на учениците. | Решенија за педагошки мерки | Директор,педагог,психолог,Раководители на паралелки, наставници | реализирано во текот на целата учебна година |
| Индивидуални и групни разговори со ученици:<br>-со слаб успех или потешкотии во учењето<br>-нередовно посетување на наставата<br>-несоодветно или асоцијално однесување<br>-недисциплина за време на часовите, непочитување на кодексот за однесување во училиште<br>-кои имаат проблем во социо-емоционалниот развој<br>-со кои е водена постапка за изрекување педагошка мерка<br>-со категорија социјални случаи | Разговор,дискусија | Педагог,психолог,Раководители на паралелки, наставници | реализирано во текот на целата учебна година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - од 1 ва година кои имаат проблем околу адаптацијата во новата училишна | | | |
| Индивидуални и групни разговори со родители на ученици кои пројавуваат<br>. слаб успех или потешкотии во учењето<br>-нередовно посетување на наставата<br>-несоодветно или асоцијално однесување<br>-недисциплина за време на часовите, непочитување на кодексот за однесување во училиште<br>-кои имаат проблем во социо-емоционалниот развој<br>-со кои е водена постапка за изрекување педагошка мерка<br>-со категорија социјални случаи<br>- од 1 ва година кои имаат проблем околу адаптацијата во новата училишна<br>Школа за родители | Записници од разговор со родители | Педагог,психолог ,Раководители на паралелки,наставници, родители | реализирано во текот на целата учебна година |
| Учество во организацијата на ученички екскурзии, училишни, регионални, државни и меѓународни натпревари | Извештаи | Директор,педагог,психолог,Раководители на паралелки, наставници,ученици, родители | реализирано во текот на целата учебна година |
| Организирање работилници,трибини,едукативни предавања(за актуелни теми)<br>„Кариерно советување“<br>„За права се расправа“<br>„Куќен ред- да не биде без ред“<br>„Самоконтрола“<br>„Самоконтрола 2“<br>„Здрави животни навики-физичка активност, правилна исхрана и доволно сон“<br>„Саморегулација“<br>„Разрешување проблеми“<br>„Справување со емоции/справување со лутина“<br>„Препознавање на емоциите кај другите“<br>„Развивање на свесноста за сопствените емоции“<br>„Активно слушање и асертивна комуникација“<br>„Саморегулација 2“<br>„Справување со стрес“<br>„Самодоверба“<br>„Поканете благодарност во вашето срце“<br>„Прокрастинација“<br>„Чесни одлуки“<br>„Тимска работа и соработка“<br>„Справување со емоции“<br>„Прокрастинација 2“<br>„Соработка наместо војна“ | Список за присутност од родители,ученици,наставници | Директор,педагог,психолог,Раководители на паралелки, наставници,родители,претставници од локалната заедница, ученици | реализирано во текот на целата учебна година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| „Развивање на свесноста за сопствените емоции 2“ | | | |
| Средување на педагошката документација за својата работа и работата на училиштето. | Дневник за работа | Директор,педагог,психолог,Раководители на паралелки, наставници | реализирано во текот на целата учебна година |
| Учество во работата на советот на родители | Список на присутност | Директор,педагог,психолог,родители | реализирано во текот на целата учебна година |
| Учество во работата на стручните активи | Извештаи | Директор,педагог,психолог,претседатели на активи,наставници | реализирано во текот на целата учебна година |
| Учество во работата на средношколската организација | Дневник за работа | Директор,педагог,психолог,претседател на средношколска,ученици | реализирано во текот на целата учебна година |
| Систематски прегледи за учениците | Список на ученици | Педагог,кл.раководители,ученици | Октомври/не е реализирано |
| Анкети наменети за ученици,наставници,родители-од актуелни теми<br>„Социо-емоционално учење преку филм“<br>„Мотивацијата на учениците во поглед на редовност и успех“<br>„Ментално здравје“<br>„Секции спрема потребите на учениците“<br>„Промоција на безбедна училишна средина“ | Анализа од обработка | Директор,педагог,психолог,Раководители на паралелки, наставници,ученици,родители | реализирано во текот на целата учебна година |
| Учество на семинари, обуки и друг вид усовршувања<br>‘’Selfieforteachers’’<br>„Препознавање и соодветна реакција на сите видови насилство-примери на добри практики“<br>„Дигитална писменост како клучни компетенции за наставниците според најдобрите практики на ЕУ“<br>„Обука за обучувачи за креирање на дигитални материјали за учење“<br>„Инклузивна педагогија-напредна обука“<br>„Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи-напредна обука“<br>„Координација на обуките за наставниците и стручните соработници на проектот Подобрување на квалитетот на образованието“ | Сертификат за учество | Индивидуално | реализирано во текот на целата учебна година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| „Обука за предавање на ревидираните наставни програми за ученици со ПОП во стручните училишта“<br>„Споредување на Националните стандарди за дигитални постигнувања на учениците во средното образование“<br>„Дигитална писменост“<br>„Дизајнерско размислување за решавање предизвици во училиштата“<br>„Превенција и заштита од насилство“<br>„Унапредување на капацитетите на стручните служби во училиштата“<br>„Унапредување на вештините на наставниците во мултикултурни средини“ | | | |
| Спроведување на хуманитарни акции- хуманоста на дело | Дневник за работа,средношколска организација | Директор,педагог,психолог,Раководители на паралелки, наставници,ученици,родители | реализирано во текот на целата учебна година |
| Издавање решенија за корекција на грешки при водењето на педагошката евиденција | Решенија за грешки | Директор, педагог | реализирано во текот на целата учебна година |
| Изготвување на разновидни анкетни листови, куќен ред, прегледи, шаблони и друго | Формулари | Директор,педагог,психолог | реализирано во текот на целата учебна година |
| Соработка со локалната средина | Извештаи | Директор,педагог,психолог | реализирано во текот на целата учебна година |

Училиштен педагог:

Маја Проданова

*Задачите на училишниот психолог се реализирани преку следниве програмски содржини:*

| Содржина на работа | Ресурси, инструменти | Соработници | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| Планирање и програмирање на сопствената работа | Стручни компетенции и подрачја на работа /документ од МОН | индивидуално | Септември |
| Стручна помош на наставници почетници/приправници | Стручни консултации. Годишни, тематски планирања и дневни подготовки | Директор, педагог, наставници | Континуирано во тековната година |
| Увид во годишните и тематските планирања на наставниците. | Наставни програми, консултации, стручна литература | Педагог | Октомври/ реализирано |
| Увид во педагошката документација и евиденција | Е- дневници за работа, главни книги | Директор, педагог, | Континуирано во тековната година |
| Следење на редовноста на учениците | Е-Дневници за работа | Кл.раководители, педагог, наставници | Континуирано во тековната година |
| Следење на реализацијата на наставата | Посета на часови Квартални извештаи | Наставници, педагог | Континуирано во тековната година |
| Советувања и консултативна работа со раководители на паралелки. | Консултации, Програма на ОЖВ | Кл.раководители, педагог | Континуирано во тековната година |
| Следење и реализација на додатната, дополнителната настава, проектните активности и содржини програмирани од училиштето | Е-Дневник за работа Квартални извештаи | Директор, координатори на проектни, наставници, педагог | Континуирано во тековната година |
| Инструктивно-консултативна работа со наставниците во планирањето на наставата, примената на нови методи и техники, интерактивна настава, примена на ИКТ во наставата, МИО и ЕКО содржини | Дневно-оперативни планирања на наставници | Педагог, наставници | Септември, Октомври |
| Соработка со наставници околу откривањето на ученици со потешкотии во учењето како и ученици со ПОП | ИОП планирања | Наставници, педагог, кл.раководители, родители | Прво полугодие |
| Помош при изработка на ИОП програма | Програма ИОП образец | Педагог, наставници од инклузивниот тим | Септември, Октомври |
| Учество на класни и наставнички совети | Записници од советите | Директор, педагог, раководители на паралелки, наставници | Континуирано во тековната година |
Втората седница со 7 точки на дневен ред беше одржана на ден 07.10.2024 година во просториите на СОУ „Јосиф Јосифовски“-Гевгелија. На седницата присуствуваше педагогот, родителите беа запознаени со активности кои треба да се реализираат во периодот на месеците октомври и ноември. Согласно Годишната програма на училиштето и од страна на родителите беа посочени повеќе предлог актвности, за активно вклучување на учениците во оппштествено корисна и хуманитарна работа во рамките на училиштето па и во блиската околина. Родителите беа известени за добиениот Допис од Макпетрол дека кампањата за „Крени глас против врсничко насилство“ ќе продолжи и во следните месеци. За одбележување на Денот на ментално здравје, со членовите на Советот на родители електронски беше споделена Анкета. За месец НОЕМВРИ-МЕСЕЦ НА ЗАВИСНОСТИ, низ разговор со присутните родители, беа дадени повеќе предлози за одржување на повеќе предавања во однос на борбата против пушењето, користењето на енергетски пијалоци, претераното користење на паметни уреди-телефони. На неколку родители им беше и кажано да ги известат и класните раководители ако се соочат со тековни потешкотии при најавата кон е - дневник. На родителите им беше образложено дека во рамките на училиштето има Средношколска заедница која има активности во кои се вклучуваат и другите ученици. Постојат повеќе активности кои учениците ги практикуваат во организација на јавниот и културниот живот и повеќето имаат хуманитарен карактер. Претседателот на Совет на родители по оваа точка отвори дискусија и побара предлог или доброволец од присутните родители за заменик претседател и записничар.Од страна на родителите никој не се пријави и никој никого не предложи.

Третата седница со 3 точки на дневен ред беше одржана на ден 14.11.2024 година, во просториите на СОУ „Јосиф Јосифовски“ - Гевгелија. На седницата присуствуваше психологот, кој воедно даде образложение на родителите за успехот и редовноста на учениците во првиот квартал од учебната 2024/25 година и даде извештај за бројна состојба , редовност и успех на учениците во првиот квартал од учебната 2024/25 година. На седницата беа формирани и комисии за спроведување на постапка за прибирање на понуди за училишните екскурзии. Беа делегирани три члена од Советот на родители при СОУ Јосиф Јосифовски - Гевгелија, во комисијата за спроведување постапка за прибирање на понуди за училишните екскурзии за учениците од III година за учебната 2024/2025 година и тоа Билјана Иванова од III$^{1}$ - претседател, Душка Новаковска од III$^{2}$ и Ѓорге Карајанов од III$^{4}$.

Поголем број на родители по претходни родителски средби реагираа за заклучувањето на училниците за време на одморите. Досегашната состојба за заклучени училници за време на одморите се однесува на превенцијата од штети во истите. По оваа реакција психологот Светлана Митровска рече дека ќе се дискутира за истото на Наставнички совет.Во текот на дискусиите беше кажано дека има предавања кои не се сеуште реализирани по претходни дискусии. За родителите кои имаат интерес за истите беше кажано да се обратат до стручната служба.

Во второто полугодие од учебната 2024/2025 година, Советот на родители на СОУ „Јосиф Јосифовски“ Гевгелија одржа две седници со членовите на Советот на родители.

Првата седница со 3 точки на дневен ред беше одржана на ден 23.01.2025 год. во просториите на СОУ „Јосиф Јосифовски“. На седницата присутен е Александар Делиџаков директор во СОУ „Јосиф Јосифовски“ Гевгелија.Согласно Годишната програма за работа на Совет на родители за учебната 2024/2025 г. при СОУ „Јосиф Јосифовски“ Гевгелија родителите беа запознаени и информирани за полугодишниот извештај од работа на училиштето и по истата точка зеде збор Александар Делиџаков директор во СОУ „Јосиф Јосифовски“ Гевгелија.Училишниот одбор како орган на управување во училиштето работи согласно програма и одржува седници по дневен ред. Родителите по оваа точка беа запознаени од Благица Радинска Претседател на Совет на родители и член на УО.Претседателот на Совет на родители по оваа точка сподели со родителите информации од допис добиен од МДТ до МОН и до училиштето за Препораки и насоки за безбедно користење на дигитални платформи од страна на учениците. По пропишаните препораки од Министерството за дигитална трансформација родителите беа запознаени дека во скоро време ќе се орханизираат едукативни активности и предавања од страна на училиштето со вклучување на експерти од областа на сајбер-безбедноста за поддршка на наставниците и учениците.

Втората седница со 5 точки на дневен ред беше одржана на ден 09.04.2025 год.,во просториите на СОУ „Јосиф Јосифовски“ Гевгелија.На седницата присуствуваше педагогот Маја Проданова.Согласно Годишната програма за работа на Совет на родители за учебната 2024/2025 г. при СОУ „Јосиф Јосифовски“ Гевгелија родителите беа запознаени и информирани за успехот и редовноста на учениците во второто тромесечие.и по истата точка зеде збор Маја Проданова-педагог во СОУ „Јосиф Јосифовски“ Гевгелија.Родителите беа информирани и за пријавени ученици за полагање државна матура, училишна матура и завршен испит. Родителите беа известени за активностите кои следуваат зво чест на Патрониот празник.Согласно програмата за работа на Советот на родители планирано е да се одржи Велигденскиот хуманитарен базар. Низ разговор со родителите претставници беа дадени предлози за негово организирање и учество со производи изработени од родителите кои би биле изложени и продавани во училиштео. Беше договорено доколку има заинтересираност од класовите во соработка со Ученичка заедни истиот да се одржи на Велики Четврток.. Родителите треба да пренесат до своите класови и да дадат бројка на заинтересирани родители во соодветно време за негова организација.Овој базар има хуманитарен карактер за намена на средства кај социјално загрозени семејства-ученици од училиптето.(поради мал број пријавени родители настанот не се одржа).Претстедателот ги извести присутните за предавања кои требаше да се оджат и за кои беше разговарано со родител истите ќе бидат одржани од претставници од Советот за безбедност во наредниот период.

Советот на родители во соработка со стручната служба со свои претстацвници на ден 07.05.2025г. присуствуваше на работилница на тема „Насилство“. На работилницата која се оджа во училиштето зедоа учество 10 родители.

На барање на општина Гевгелија за номинирање на претставник во Општинскиот Совет за превенција на детско престапништво од Советот на родители се пријави Магдалена Јованова, родител и член на советот од II 2.

**Претседател на Совет на родители на**

**СОУ„Јосиф Јосифовски“**

**Благица Радинска**

## Извештај за работата на средношколската заедница на СОУ „Јосиф Јосифовски“ во учебната 2024/2025 година

Во учебната 2024/2025 година, Средношколската заедница организираше и спроведе неколку активности. По изборот на претседател и заменик претседател, раководно тело во функција на организирање и спроведување на активности на учениниците во училиштето, се направија неколку состаноци со службата и директорот на училиштето каде се потенцираа замислените идеи на учениците.

Средношколски Одобр 2024/25

- Претседател: Зоран Кундурџиев
- Потпретседател: Слободанка Николова
- Записничар: Петја Спасовска
- Благајник: Весна Делева
- Претставник I година: Љубиша Ѓорчевски
- Претсавник II година: Надица Митрова
- Претставник III година: Јована Мачукова
- Претставник IV Година: Катерина Попова
- Членови: Софија Стојанова, Јована Дудова, Петар Цуклев
- Кординатор на Средношколска заедица: Проф. Даниела Џишева

Активности кои беа предложени од учениците и за истите се дискутираше на состаноците се следните:

✓ Септември

1. Известување на Средношколска заедница
2. Формирање на Средношколска заедница и Одбор

✓ Октомври

1. Формирање на План-програма на Средношколска заедница
2. Светски ден на менталното здравје
3. Меѓународен ден на искоренување на сиромаштијата
4. Ден на Обединетите нации
5. Ден на пешачењето
6. Светски ден на храната

✓ Ноември

1. Трка по повод 7ми Ноември
2. Соработка и предавања од страна на Психолошко-педагошката служба
3. Одбележување на Ден на правата на детето
4. Украсување на училиштето во пресрет на новогодишните празници

✓ Декември

1. Организирање на новогодишен хуманитарен базар и новогодишна забава за учениците
2. Посета на центарот „Мајка Тереза“
3. Меѓукласен турнир во одбојка
4. Соработка со фондација „Ице Бегов“

❖ Локално Младинско Собрание при Општина Гевгелија

- По барање на Општина Гевгелија за делегат и заменик делегат од СОУ „Јосиф Јосифовски“ – Гевгелија во Локалното Младинско Собрание при Општина Гевгелија, Средношколската заедница ги избра Анастасија Атанасова и Михаил Петров.

❖ Меѓународен ден на искоренување на сиромаштијата и Ден на храната

- Во соработка со угостителската струка, Средношколската заедница организираше хуманитарна акција „Од нас, за нас“ каде беа продавани производи подготвени од страна на учениците од угостителската струка. Беа собрани 6.410 денари. Исто така учениците од сите класови во учелиштето собираа парични средства или конзервирана храна кои беа дадени на ученици од социјално загрозени семејства од нашето училиште.

❖ Ден на ослободување на Гевгелија

- По повод денот на ослободување на Гевгелија, Средношколската заедница при СОУ „Јосиф Јосифовски“ – Гевгелија со финансиска помош од Фондација „Аполонија“ организираше штанд на кој беа продавани производи подготвени од ученици од угостителската струка.
  Првиот ден 9.11.2024 биле собрани 5.430 денари.
  Вториот ден 10.11.2024 биле собрани 3.900 денари.

❖ Патување во Банско, Бугарија на фестивалот „Утринска ѕвезда“

- Средношколската заедница при СОУ„Јосиф Јосифовски“- Гевгелија обезбеди превоз, осигурување и храна за учениците кои учествуваа на натпреварот „Утринаска ѕвезда“ во Банско, Бугарија.

❖ Меѓународен ден на инвалидитетот

- Средношколската заедница по повод меѓународен ден на инвалидитетот беше во посета на центарот „Мајка Тереза“ каде беа изработени новогодишни честитки и украси кои беа продавани на новогодишниот базар.

❖ Украсување на училиштето во пресрет на новогодишните празници

- Средношколската заедница со донација од „Сага Грос“ успешно го украси училиштето во новогодишен дух.

❖ Новогодишен базар

- По повод новогодишните празници Средношколската заедница со помош на Општина Гевгелија организираше штанд на центарот во Гевгелија. Беа изложени и продавани новогодишни честитки и украси, како и чај, кафе, сок, слатки итн.
- Штандот беше отворен од 11:00 до 15:00 часот и беа собрани 4.430 денари.

❖ Соработка на Средношколска заедница со Фондација „Ице Бегов“

- Средношколската заедница при СОУ „Јосиф Јосифовски“ од Гевгелија заедно со Фондацијата „Ице Бегов“ на штитениците од Дневниот центар на децата со посебни

потреби и Националната алијанса „Мајка Тереза“- Гевгелија им поделија пакетчиња и подароци во пресрет на Новата година.

- ❖ Меѓукласен турнир во одбојка
  - Средношколската заедница заедно со пофесорите по спорт организираа меѓукласен турнир во одбојка кој беше позитивно поздравен од сите ученици од СОУ„Јосиф Јосифовски“- Гевгелија.

- ❖ Хуманитарна акција „Од нас, за нас“
  - Сите парични средства и храна кои беа донирани од страна на учениците, Средношколската заедница анонимно ги додели на ученици од социјално загрозени семејства од СОУ„Јосиф Јосифовски“- Гевгелија.

- ❖ Матурски одбор
  - Средношколската заедница формираше Матурски одбор кој испрати барање до Општина Гевгелија за финансирање на свечена матурска вечер. Истиот беше одобрен на Совет на Општина Гевгелија.

ДЕН НА ПАЛАЧИНКИТЕ

- La Chandeleur, познат како Ден на палачинките се одбележува на 2 февруари. И СОУ „Јосиф Јосифовски" Гевгелија се придружи на оваа прослава. Активот по француски јазик во соработка со Средношколската заедница и вредните ученици и професори од угостителската струка го одбележаа овој ден со подготовка и продажба на палачинки. Настанот се оддржа на 5 февруари, во холот на училиштето, а учениците и вработените имаа можност да вкусат разновидни благи и солени палачинки. Собраните средтства ќе се искористат за нови и интересни воннаставни активности.




- Одбележување на празникот на жената - Секој ден да биде ден на внимание, почит и разбирање. Драги професорки, бидете и понатаму наша инспирација и поттик за откривање на нашите идни животни цели. Среќен празник!



Хуманоста доаѓа од срце.
Учениците при СОУ Јосиф Јосифовски од II 6 клас, сектор економија, право и трговија изработија велегденски украси беа донирани на Центар Мајка Тереза Гевгелија.
Се надеваме дека подаривме радост, внимание и убави моменти.



Учениците од СОУ „Јосиф Јосифовски“ – Гевгелија со хумана акција го одбележаа Светскиот ден на Црвен крст.
Со насмевка, ентузијазам и многу труд, учениците од СОУ „Јосиф Јосифовски“ – Гевгелија успешно реализираа хуманитарен проект по повод одбележувањето на Светскиот ден на Црвен крст. Во рамки на акцијата, тие организираа продажба на домашно подготвени палачинки, крофни, мафини и други слатки задоволства, на штанд поставен во училиштето.
Проектот, кој се одвиваше под менторство на Ристо Диманчев и со поддршка од училиштето и учениците: Марија Ѓоргиева, Матеја Саздова, Меланија Арнаудова, Ангела Петрова, Ѓорге Мицев, Елена Ристовска, Татјана Бикова, Антонија Миткова и Славица Гоцкова, имаше за цел да ја поттикне хуманоста, солидарноста и активизмот кај младите. Средствата собрани од продажбата беа донирани во Црвен крст, со што учениците уште еднаш докажаа дека младите можат да бидат двигатели на позитивни промени во општеството.



Целиот настан помина во пријатна атмосфера, со многу насмевки, дружба и слатки вкусови, а најголемата награда за сите беше свеста дека со мала акција може да се направи голема разлика. Оваа хуманитарна иницијатива претставува уште еден доказ дека СОУ „Јосиф Јосифовски“ – Гевгелија не е само образовна установа, туку и заедница која ги гради вредностите на човечноста, солидарноста и меѓусебната поддршка.

Невообичаено, но одлично смислено и изработено – матурантите од СОУ „Јосиф Јосифовски“ од Гевгелија својот претпоследен ден од школувањето го искористија со изведување на еколошка акција во паркот „Виолета“ во Гевгелија.
Со обновување на опремата за седење и играње, бојосување и посадување цвеќе уште од раните утрински часови сите матуранти присуствуваа на својот последен час искажувајќи ја

благодарноста и кон Училиштето, но и кон градот за укажаната можност и за убавите денови поминати во гевгелискиот средношколски центар.




Како симбол на генерацијата тие посадија маслинка, која како што кажаа, е вековито дрво и сакаат таа да расте и да потсетува на нив и на нивните успеси и подвизи во изминатиот четиригодишен период.



**Координатор на средношколската заедница** – Даниела Џишева

**Претседател на средношколска заедница** – Зоран Кундурџиев

1. Генерални информации

| | |
|---|---|
| Наслов на активноста | Работилница на тема „Под исто небо со заеднички вредности”<br><br>Работилница на тема „Тркало на зборови“ (пишување зборови на македонски и албански јазик) за пријателство помеѓу младите средношколци.<br><br>Работилница на тема „Пеење песни“ (играње ора) за дружење и пријателство помеѓу младите средношколци од двте училишта. |
| Организатор | СОУ „Јосиф Јосифовски“ – Гевгелија во партнерство со СЕПУГС „Арсени Јовков“- Скопје |
| Одговорни наставници | Тања Чугунцалиева, Влатко Семенаков, Розета Картова, Русица Атанасова, Маја Проданова, Вања Манчева и Ивана Кркотиќ<br><br>Енвер Ајдини, Убавка Исијановска, Шкодран Ебиби, Беса Кадриу, Сузана Богдановска, Ирфан Зубери и Маја Митевска |
| Ученици 0(број, година на изучување и наставен јазик) | 30 ученика, мешана група од трета и четврта година (по 15 од македонски наставен јазик и 15 од албански јазик) |
| Датум на реализација | 8.10.2024 |
| Времетраење | Еден ден |
| Место на реализација | Солун, Грција |



2. Наративен дел

| | |
|---|---|
| Главна цел на активноста | **Меѓуетничка интеграција на младите во образованието**<br><br>Примарна цел на активноста беше поврзување на ученици кои наставата ја следат на различен наставен јазик, македоснки и албански во различен град преку запознавање и меѓусебна дружба. Оваа година дружењето на учениците беше во соседна Грција во градот Солун, преку заедничко исцртување на хамер – пишување зборови на македонски и албански јазик и истовремено изговарање на истите преку една заедничка игра и дружење „Тркало на зборови“. Учениците заеднички остварија една цел, ја посетија црквата „Пресвета Богородица“ во центарот на Солун, а воедно имавме и една заедничка обиколка на двете училишта со брод околу пристаништето во Солун каде беше запазено мотото „Под исто небо со заеднички вредности“. На оваа заедничка средба за прв пат беа испеени песни на македонски јазик од учениците од албанска националност, и песни од албански и турски јазик од учениците од македонска националност. |
| Начин и тек на реализација | Средбите (работилниците) беа реализирани во Солун, Грција. Како прво ние координаторите на проектот во двете училишта се координиравме меѓу нас и решивме оваа година проектот од МИО да го реализираме во соседна Грција. Со наша агенда и цел успеавме во еден ден да се сплотиме и да реализираме тоа што ни беше запишено како наша остварлива цел. Учениците од двете партнер училишта заедно со нас професорите се сретнавме на граничниот премин Богородица, каде заеднички се упативме за Солун, Грција. На познатиот плоштад „Аристотел“ имавме една заедничка и прекрасна дружба каде нашите ученици од македонски наставен јазик пееја песни на албански и турски јазик и обратно кои ги воодушевија и случајните минувачи сликајќи ги нашите сцени. Измешени, Македонци и Албанци успеавме да изработиме хамери на тема „Тркало на зборови“ каде беа испишувани и изговарени зборови на македонски и албански јазик преку игра (со вртење на шише). Учениците на едниот хамер заеднички напишаа пораки за мир, пријателство, љубов, среќа... како мост кој заеднички не поврзува нас, Македонците и Албанците каде сите ученици и професори кои учествуваа во реализацијата на проектор се потпишаа како еден доказ за нашето пријателство кое трае веќе повеќе години. На оваа средба имаше размена на блузи со испишени имињата на учениците од двете училишта, како една почит во знак на нашите средби и нераскинливо пријателство. Од тука сите заедно се упативме кон црквата „Пресвета Богородица“, а потоа имавме и едно заедничко дружење со брод заеднички околу пристаништето во Солун. Оваа средба беше едно незаборавно искуство за двете групи Македонци и Албанци кои заеднички, сплотено се дружеа меѓусебе. По завршувањето на сите активности сите заедно имавме кратка вечера. Со оваа |

| | |
|---|---|
| | наша средба учениците имаа можност да стекнат вештини за тимска работа и комуникација, го поттикнаа својот тимски дух и заеднички другаруваа.<br><br>Координатори на проектот, Тања Чугунцалиева од СОУ Јосиф Јосифовски – Гевгелија и Енвер Ајдини од СЕПУГС "Арсени Јовков" – Скопје.<br><br>Другите професори кои учествуваа во реализацијата на проектот беа постојано одговорни при реализацијата на проектот и постојано соработуваа во сите активности што подоцна се рефлектираше и врз самите ученици.<br><br>Целата реализација на проектот за Меѓуетничка интеграција на младите во образованието беше успешно реализирана и завршена од двете училишта . |
| Краен прозивод и очекувани резултати од спроведената активност | Заеднички изработени хамери на тема пријателство, љубов, мир, среќа, заеднички слики од меѓусебните дружби на учениците и професорите, заедничките посети на црквата „Пресвета Богородица", заедничко дужење во брод, кое ни возможи да ја оствариме нашата цел, а воедно и нашето мото "Под исто небо со заеднички вредности". Заеднички оваа година беше музиката, играњето ора, каде учениците од македонска националност пееја песни на албански и турски јазик, а учениците од албанска националност пееја на македонски јазик. Оваа средба на двете училишта со ученици и професори придонесоа и воннаставни активности и дружби на учениците и професорите.<br><br>Оваа активност ја исполни целта, што се докажува по тоа што учениците одлично комуницираа меѓусебно, а најмогу од тоа што побараа повеќе време за работа при реализација на проектот и посакаа што побргу повторна слична активност и средба во блиска иднина. |

| | |
|---|---|
| Дополнителен коментар на одговорен наставник | Организацијата и двете средби на двете партнер училишта придонесоа за подобрување на вештините за комуникација и зближување на двете групи на ученици од македонска и албанска националност. Проектот се реализираше на македонски и албански јазик. Учениците покажаа голема мотивираност и заинтересираност на средбите, креативност, сигурност, критичко-аналитички став во своите излагања, дадоа идеи и препораки за менување на состојбите во општеството, согласување по прашањата кои се анализираа, сличности во изборот на карактеристики и голем интерес за наредна заедничка средба. |

Извештајот го подготви:**Тања Чугунцалиева**
8.11.2024, Гевгелија

Фотографии од двете заеднички средби во СОУ “Јосиф Јосифовски” од Гевгелија и СЕПУГС “Арсени Јовков” од Скопје.

















Училишната библиотека е библиотека од затворен тип ,нејзина основна цел е помагање на вкупниот воспитно-образовен процес и ширење на книжевноста ,научната и општата култура на учениците.Библиотеката собира , стручно обработува и дава на користење библиотечен материјал потребен на учениците, наставниот кадар и останатите вработени во училиштето. Книжниот фонд на училишната библиотека се средува според принципот на слободен пристап до книгата . Затоа една од задачите на библиотекарот е да му помогне и да го поттикне ученикот не само да се служи со библиотеката, туку и да ја развие неговата свест со значењето на книгата и навиките тие да се чуваат.

Училишниот библиотекар изработува правилник за организација на библиотеката, донесува правилник за користење на книжниот фонд , ја следи состојбата во издавачката дејност и во рамките на планираните финансиски средства на училиштето да се овозможи комплетирање на книжниот фонд според потребите на училиштето.

Библиотекарот е задолжен да врши прием и евидентирање на нови лектирни изданија и нови учебници, подготвува документација за прием на учебници , прави поделба на учебници по класови и го извршува електронското внесување на ново добиените книги и учебници .

Училишната библиотека заклучно со првото полугодие од учебната 2024/25 год.,располага со околу 14 365книги од кои во текот на првото полугодие се добиени 205 книги .Од нив 188 се лектирни изданија и 17 книги (стручна литература) , кои се наменети за позајмување на учениците од прва до четврта година , како за гимназиските така и за стручните паралелки .Освен книгите ,во училишната библиотека има и околу 15407 учебници ,од кои во текот на првото полугодие за учебната 2024/25 год.се дистрибуирани нови 1265 учебници ,така што од нив 1035 се учебници наменети за гимназиските паралелки и 230 учебници наменети за стручните паралелки, кои се доставуваат како во сите така и во нашето училиште.

Со проектот,,Бесплатни учебници" учебниците се дадени на располагање за сите ученици во гимназискте и стручните паралелки и стручна литература која може да ја користат сите вработени наставници во гимназијата. Затоа библиотеката и медиотеката претставуваат едно катче, каде што може сите ние заедно да се релаксираме и да го збогатиме нашиот речник со некоја убава прочитана книга.

Библиотекар: Наталија Лазарова




## Годишен извештај на работата на Активот по македонски јазик и литература за учебната 2024/2025 година

Активот по македонски јазик и литература учебната 2024/2025 година ја релизира во состав од професорите:

1. *Аврамов Тони*
2. *Атанасова Жаклина*
3. *Лазарова Наталија*
4. *Макревска Бисерка*
5. *Манчева Вања*
6. *Маркова Славица*
7. *Ќаева Александра*
8. *Чугунцалиева Тања*

*Џишева Даниела*Според програмата на Активот, сите професори наставната година ја започнаа со подготвени годишни наставни програми и планови. Исто така, во состав на Активот се доделени за реализација проектни часови од областа на Литературни клубови и драмска секција: Литературни клубови и драмски секции – Медиумски клуб (весник, клуб Јоска, веб страна), ментор: проф. Тони Аврамов, Литературни клубови и драмски секции – Драмска секција, ментор: проф. Даниела Џишева; Литературни клубови и драмски секции – Драмска секција и Училиштен весник, ментор: проф. Жаклина Атанасова; Литературни клубови и драмски секции – Драмска секција, ментор: проф. Александра Ќаева; Литературни клубови и драмски секции – Литературен клуб, ментор: проф. Бисерка Макревска. Содржини програмирани од училиштето –Презентациски вештини, ментор; проф. Тања Чугунцалиева.

Во училишната библиотека работи со полн фонд на часови – проф. Наталија Лазарова.

Активот од 1 септември до крајот на прво полугодие своите активности ги изведуваше според препораките на Министерството за образование и според дадените упатства на училиштето. Утврдено е дека сите наставни планови се реализирани и сите предвидени цели се остварени.

Среден успех на крајот од прво полугодие - Според постигнатите резултати на крајот од второто полугодие ова се извештаите за средниот успех, по класови, на профсорите по македонски јазик и литература:

Тони Аврамов

Македонски јазик и литература

II – 4 4.63

III – 2 4.50

III – 5 4.40

IV – 9 4.50

II – 4 5.00 (Говорење и пишување,среден успех 5.00)

Среден успех: 4.50

Атанасова Жаклина

Македонски јазик и литература

I - 3 4.6

Манчева Вања

Македонски јазик и литература

IV - 8 3.33

I - 10 2,35

I – 9 2,26

I – 5 4,88

Среден успех: 3,20

Маркова Славица

Македонски јазик и литература

I - 7 2.68

I - 8 2.58

II – 6 3.84

I – 1 4.15

IV – 4 4.8

Среден успех: 4.34

Макревска Бисерка

Македонски јазик и литература

II - 2 4.56

II - 3 4.89

I - 2 4.00

I - 4 4.7

II – 2 5.00 ( говорење и пишување)

Среден успех : 4.54

II - 5 4.89

III – 6 2.62

III - 7 2.36

IV - 7 2.33

IV - 5 4.1

Среден успех : 3.08

Ќаева Александра

Македонски јазик и литература

I – 6 4.44

II – 1 3.95

III – 3 4.27

III  - 4    5.00

III  - 8    2.69

Среден успех : 4.07

Говорење и пишување  II – 5    5.00

Чугунцалиева Тања

Македонски јазик и литература

II – 7     3

II – 8      3.7

II – 9      3.12

II – 10    2.00

III – 9     2.5

IV – 6     4.65

Среден успех :3.16

Џишева Даниела

Македонски јазик и литература

III -  1       4.60

IV – 1   5.00

IV -  2       4.76

IV- 3       4.47

Среден успех : 4.70

*Среден успех на ниво на актив по Македонски јазик и литература 3.94 а Говорење и пишување 5.00*

Активности, натпревари, манифестации и награди на професорите од Активот по македонски јазик и литература за учебната 2024/2025

Тони Аврамов - координатор на проектната активност и секција Медиумски клуб „Јоска“

Училиштен магазин „Јоска“

Од почетокот на учебната 2024/2025 година Медиумскиот клуб *Јоска* работеше и електронски издаде пет изданија со содржини поврзани со училишни активности, но според програмските активности како цел во наредниот период се и содржини кои го опфаќаат поширокиот југоисточен регион од земјава.















## Напредна обука за координаторите на медиумските клубови

Во организација на Македонскиот институт за медиуми, а преку проектот *Младите размислуваат* на 4 и 5 октомври во Скопје се одржа втората, напредна обука за наставниците - координатори на медиумските клубови. Од СОУ *Јосиф Јосифовски* од Гевгелија учествуваше професорот Тони Аврамов, како координатор на Медиумскиот клуб *Јоска*.

На работилниците се работеше на следните теми:

Пронаоѓање, смислување и избор на теми коишто се интересни за младите

Новинарскиот клуб меѓу желбите и можностите

Што претставува поткастот како новинарски жанр

Што претставува мобилно новинарство

Од теорија до пракса: Како да креираме релевантна содржина со мобилен телефон

Обуката траеше два дена, а како обучувачи беа вклучени познати новинари признати во својата дејност со веќе познати продукти: Александар Димитриевски, Сребра Ѓеоргиевска и Александар Манасиев.





### Медиумски спринт

Во организација на Институтот за комуникациски студии се одржа последната медиумска лабораторија за 2024 во СОУ „Јосиф Јосифовски“ од Гевгелија. преку Работилницата ја водеа новинарот од Македонската телевизија Мартин Пушевски и новинарката од телевизија Телма

Средношколците имаа три тимски предизвици, на кои одговораа повеќе од успешно:

Препознајте кои фотографии/видеа се вистинити, а кои лажни.

Напишете ја приказната за Црвенкапа како вест.

Направете кратко видео за работилницата.





### Активности на веб – страницата www.klubjoska.mk

Медиумскиот клуб „Јоска“ во почетокот на месец септември направи редизајн на постоечката веб-страница www.klubjoska.mk. Истата веќе е на платформата wordpressтака што побрзо и поефикасно се поставуваат содржини на неа.

За поставувањето на содржини на страницата повеќе работеа ученици од секцијата притоа реализирајќи повеќе интервјуа: актерите Тино и Атанас, доктор Кирил Чурлинов, професорот Горан Манев, педагогот на училиштето Маја Проданова, писателот Горјан Петревски, професорките задолжени за проектот Супер училиште: Андријана Џинова и Јасмина Јанишлиева, професорот Влатко Семенаков и др.

Покрај овие содржини секојдневно на страницата беа објавувани статии, литературни творби и актуелности.

### Отворање на канал на YouTube и снимање поткасти

За првпат Медиумскиот клуб *Јоска* започна со снимање на поткасти и видео содржини.

За краток период беа снимени 5 поткасти со: професорот и уредник на *Јоска* Тони Аврамов, претседателот на Средношколската заедница Зоран Кундурџиев, претседателот на фондацијата Аполонија и координаторот на проектот „Здружи се за заедницата“ Снежана

Сарамандова, писателот Горјан Петревски и со службеникот за млади од Општина Гевгелија Петар Јанчев.

По идеја на учениците беа снимени и новогодишни честитки и краток филм за работата на клубот во изминатите месеци.






## Содржини објавени на републички медиуми

Клубот *Јоска* ја продолжи соработката со републичката веб-страница за младиwww.medium.edu.mkкако и со Македонскиот институт за медиуми.На оваа веб-страница и на социјалните медиуми беа поставени повеќе од 15 содржини што членовите ги изработија од септември 2024 до декември 2024 година.

Линкови: https://medium.edu.mk/

https://www.facebook.com/medium.edu.mk

https://mim.org.mk/mk/

## Обуки преку проектот *Моја приказна – мој медиум*

Во рамките на проектот *Моја приказна – мој медиум* на ЗГ *Од станица до граница* од Гевгелија беа одржани две обуки со ученици од руралните средини, а запишани во СОУ *Јосиф Јосифовски*. Првата обука се одржа со цел запознавање со основите на новинарството и создавање новинарски текстови, а втората обука како да се препознаат лажните вести и лажните содржини на социјалните мрежи.

## Соработка со фондација „Аполонија“ и проектот „Здружи се за заедницата“

Во соработка со Фондацијата „Аполонија“, до конечното реализирање на студио за поткасти, Клубот склучи договор за снимање на поткасти во просториите на Хотел *Аполонија*. Во моментот младинскиот клуб брои 60 члена, распоредени во редакции и технички персонал, од нив редовно се активни 35 члена.

Во периодот на известување не се реализирани активности за мобилизирање ресурси. Отворена е посебна проектна сметка, како подсметка на Фондација *Аполонија*. Ваквата

активност е од причина што Медиумскиот клуб учествуваше на конкурсот објавен за млади и доби средства за опремување на студио за поткасти.

Претставник на младинскиот клуб Јоска, Ѓорги Новаковски, присуствуваше на Работилница за менаџирање на грантови за филантропија, оддржана од Здружението Конект на 30.10.2024 година во хотел Арка, Скопје. Обезбедена е согласност за поставување на донаторски кутии во маркетите на С-53.

Членовите на клубот *Јоска* под менторство на својот професор одржаа обуки за основите на новинарството, снимање со помош на мобилен телефон и монтажа на телефон. Дел од членовите веќе се обучени за професионално монтирање (едитирање на снимени материјали).

## ПАТРОНЕН ПРАЗНИК НА УЧИЛИШТЕТО

На манифестацијата беше изведена театарската претстава **„АДСКА МАШИНА“** на текст од Венко Андоновски, во изведба на **Драмската група „Дон Кихот“**, а во режија на професорката Даниела Џишева. Техничката обработка на аудио-визуелните елементи во претставата беше на професорот Тони Аврамов.

## ЕКО АКЦИЈА НА МАТУРАНТИТЕ

Матурантите од СОУ „Јосиф Јосифовски“ од Гевгелија својот претпоследен ден од школувањето го искористија со изведување на еколошка акција во паркот „Виолета“ во Гевгелија. За овој настан беше изработен краток филм со Средношколската заедница.

Линк до филмот: https://www.youtube.com/watch?v=HBm0MoAiXq4&t=42s

СУПЕР-УЧИЛИШТЕ: https://www.youtube.com/watch?v=rCBj-JA3cbU&t=13s

## ОД НАЈДОБРИТЕ ЗА НАЈДОБРИТЕ

На 12 јуни 2025 година, СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија го одбележа крајот на учебната 2024/2025 година со завршната манифестација „Од најдобрите за најдобрите“.

Во Народниот театар – Гевгелија, со културна-уметничка програма под раководство на менторите: Кире Арнаудов, Кристина Пренда, Емилија Дуганова, Мирјана Чамџиќ и Тони Аврамов беше означено завршувањето на учебната 2024/2025 година.

Линк до видеото изработено за завршната манифестација:

https://www.youtube.com/watch?v=6EWtZrqzYK4&t=78s

## ПОСЕТА НА МТВ

ЗГ „Од станица до граница“ од Гевгелија на 5.6.2025 година заедно со учениците вклучени во проектот „Моја приказна – мој медиум“ под менторство на професорите по Говорење и пишување, Бисерка Макревска и Тони Аврамов,беа во посета на јавниот сервис Македонска радиотелевизија.

Целта на посетата беше запознавање со работата на редакциите во медиумите, начинот на работа, доаѓање до информација, обработка и пласирање на истата на медиумот, но исто така и како се работи на емисија во живо и кои се предностите и недостатоците на овие медиумски производи.

За време на посетата се разговораше со уредникот на утринската програма на МРТВ **Кристина** Талеска-Големтеова и техничките лица кои работат и ја продуцираат утринската програма.





**- СНИМАЊЕ ИНТЕРВЈУА ПРЕКУ КЛУБ „ЈОСКА“**

Виолета Танчева Златева: https://www.youtube.com/watch?v=3QIoEclbKiY&t=27s

Кире Јанишлиев: https://www.youtube.com/watch?v=r_9TlHrEtwE&t=90s

**- ПРОЕКТ: „Промоција на безбедна училишна средина“,** како дел од иницијативата „Подигни глас, спречи насилство“, учениците од ликовната секција при СОУ„Јосиф Јосифовски“

Изработен филм: https://www.youtube.com/watch?v=PghhslEiuKM&t=146s

## ПРОЕКТ: CLOSE

Како дел од проектот ErasmusPlus CLOSE, на 12 декември 2024 г. се одржа работилница со ученици, наставници и партнерите во проектот од Витербо, Фиренца, Верона и Кипар, во СОУ „Јосиф Јосифовски“ во Гевгелија. На работилницата беа прикажани филмовите: „Списокот на Тони Манџа“ и „Огледало“.

Во рамките на овој проект беше изработен и краток филм со наслов **„Кога гневот нема да стивне“** под менторство на: Тони Аврамов, Маја Проданова и Даниела Цишева.

## Обуки

Унапредување на образованието – ГОПА тренинг (во текот на прво полугодие), организатор ДИЦ и МОН на РСМ

Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи Напредна обука

Обука на обучувачи за: Формативно оценување, дигитална писменост, клучни компетенции, социјална и образовна инклузија на учениците, меѓунаставно планирање и настава, професионална соработка и учење од колегите и вештини за обучувачи

- обука за наставници од средните училишта на тема:**Примена на дигитални алатки за интерактивна и персонализирана настава** . Обуката е акредитирана од страна на БРО и се изведе во три работни дена ( од 30.6.2025 - 2.7.2025 )

Жаклина Атанасова

1. Учества во натпревари и конкурси

- Општински натпревар – литературен конкурс за есеј на литературна тема, организатор ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев" – Гевгелија (Месец на книгата); Ученици: Ангела Сачанова IV4, Марија Јанчева I3; ОсвоеноIместо (Благодарница и парична награда) – Ангела СачановаIV4



Државен натпревар – литературен конкурс за есеј на литературна тема за Денот на штедењето, организатор Народна банка на РС Македонија; Ученик: АлександарЈаневII6

Државен натпревар во краснописно пишување, организатор општина Македонска Каменица; Ученик: Теодора Манчева II3

- Учество на МАССУМ – април, 2025

*Елисавета Ќорнакова – Најдобра фотографија

II место и сребрен медал

*Елена Анчева – Најдобра поетска творба

Благодарница за учество

-. Учество во одбележување на Денот на згришувачките семејства

Организатор: СОС Детско село

Ѓорѓе Чанов, Елена Анчева, Ана Марија Ристова, Ана Стојковска, Анѓела Самарџиева, Снежана Малева, Марјан Стојковски

- Учество во одбележувае 80 години од македонскипт правопис

Организатор: ЈОУ Библиотека Гоце Делчев – Гевгелија

Ученици: Ѓорѓе Чанов, Елена Анчева, Ана Марија Ристова, Ана Стојковска, Анѓела Самарџиева, Снежана Малева, Марјан Стојковски

### Манифестации

Подготовка и прикажување на новогодишно музичко-сценско шоу „Твоето лице како да ми звучи познато – Новогодишно крешендо“, одржано на 25.12.2024 г., во Народниот театар – Гевгелија.

Драмската група „Титанија“ прикажа неколку пригодни скечови и едночинката „Новогодишно крешендо“ – автор, сценарио и режија проф. Жаклина Атанасова.

Ученици: Елена Анчева, Ана Стојковска, Ангела Мурџева, Елисавета Ќорнакова, Ѓорѓе Чанов, Марјан Стојкоски, Марјана Митровиќ, Ата Теодор Аслан, Снежана Малева.

Музички точки – II3: Ѓорѓина Улиш, Сара Илиева, Никола Јанчев, Марија Јанчева, Снежана Малева, Димитар Пеев, Димитар Икономов, Бојан Концалов, Теодора Манчева, Ана Михаела Стојановиќ, Николина Павловиќ, Марко Камов.



Обуки

- обука за наставници од средните училишта на тема:**Примена на дигитални алатки за интерактивна и персонализирана настава** . Обуката е акредитирана од страна на БРО и се изведе во три работни дена ( од 30.6.2025 - 2.7.2025 )

Бисерка Макревска

Манифестации,натпревари,активности и награди



Учество на конкурсот распишан од Градската библиотека „ Гоце Делчев„ Гевгелија по повод Месец на книгата

Ученици : Костадин Узунов и Благоја Атанасов

Учество на Конкурс за есеј по повод Светскиот ден на штедењето, на тема: „Финансиската едукација на младите – основа за подобро управување со парите и заштита од финансиски измами во новото дигитално време“. Организатор: Народната банка и Министерството за финансии на Република Среверна Македонија.

Ученик: Костадин Узунов

*Учество на Литературниот конкурс за есеј на теми: “150 години од раѓањето на Крсте Мисирков “ и “ Македонскиот јазик низ вековите и денес“.

Организатор: ЈОУ Библиотека “ Гоце Делчев ”-Гевгелија, 20.11.2024г.

Ученик: Костадин Узунов



*Учество и освоена **втора награда** на Меѓународниот литературен конкурс “ Средби под јаворите- Видое Подгорец“2025,на тема “Топли гнезда “, 20.5.2025г. Струмица

Организатор: Просветно дело

Ученик: Костадин Узунов

*Учество на Литературниот конкурс “ Светскиот ден на штедењето – 31 октомври“.

Ученик: Костадин Узунов, прва година

*- Регионални и државни натпревари и награди*

*Учество и освоено **трето место** на Регионалниот натпревар по македонски јазик и литература, 26.4.2025 г.,Неготино

Организатор: Сојуз на ДМЈЛ

Ученик: Костадин Узунов

*Учество и освоена **втора награда** на Државниот натпревар по македонски јазик и литература,31.5.2025 г,/Скопје

Организатор: Сојуз на ДМЈЛ

Ученик: Костадин Узунов

*Учество и освоена **втора награда** на Државниот рецитаторски натпревар,17.5.2025 г.,” Скопје Сити Мол”, кино “Синеплекс “

Организатор: Сојуз на ДМЈЛ

Ученик: Костадин Узунов

*Учество на ОБРАЗОВНО РАНДЕВУ 2025/МАССУМ,Кавадарци/24.4.2025г. и 25.4.2025г.

Категорија “Јавен говор “,ученик: Костадин Узунов,прва година

Категорија “Најдобра фотографија “,ученик : Матеј Аврамов,прва година

6.*Манифестации*

- По повод Светскиот ден на јазиците,26.9.2024 г.во нашето училиште се одржа Литературно читање и изработка на хамери со поучни пораки од учениците. Учествуваа ученици од прва до четврта година.

- Манифестацијата “Најдобрите за најдобрите”се одржа на 12.6.2025г. Покрај повеќето точки и ученици,на истата учествуваше и ученикот Костадин Узунов со интерпретација на авторската творба “Фустанот на македонската девојка “за која се закити со втора награда на Меѓународниот литературен конкурс “ Средби под јаворите-Видое Подгорец 2025 “.






На 28.3.2025 г. Учениците од СОУ “ Јосиф Јосифовски “- Гевгелија заедно со професорите по македонски јазик и литератураБисерка Макревска и Тања Чугунцалиева беа во посета на Институтот по македонски јазик “ Крсте Мисирков“, НУБ Св. “Климент Охридски” и ја проследија театарската претстава “За нас почнува  живот” во режија на Дејан Дуковски воДрамски театар Скопје.

*На 5.6.2025 г.учениците од втора година заедно со професорите по Говорење и пишување, Бисерка Макревска и Тони Аврамов беа во посета на МТВ. Учениците беа запознаени со работата на редакциите во медиумите.



Обуки

-Унапредување на образованието – ГОПА тренинг (во текот на прво полугодие), организатор ДИЦ и МОН на РСМ

-Обука за ПИСА тестирање – 26.11.2024, Кавадарци, организатор ДИЦ и МОН на РСМ

Учество на работилница во Кавадарци на 26.11.2024 год. по повод претстојното меѓународно тестирање  ПИСА

Учество на тренинг/обука:„Вештини за дигитална писменост во училница“- 16.9.2024 г.; обучувачи: ТИМ – ГОПА;

*Обука за наставници и стручни соработници, за работа со ученици со посебни потреби во стручните училишта, а според ревидирани наставни програми,15 .10.2024 г./организатор ГОПА

*Обука за наставници на тема: “Инклузивна педагогија “,30.9.2024 г. Скопје/организатор ГОПА

* Обука на ПИСА тестирање за учениците од прва година, 26.11.2024 г. Во Кавадарци, организатор ДИЦ

* Учество на ЕДУЛАБ вебинарот: “ Препознавање и соодветна реакција на сите видови насилство / примери на добри пракси “ како дел од од проектот “Промоција на безбедна

училишна  средина “, организатор СмартАП- Лабораторија за социјални иновации / Скопје, 17.12.2024 г.

* Учество на ЕДУЛАБ дигитален курс “Примена на ИКТ алатките во секојдневната настава (основно ниво) “.

Организатор СмартАП-Лабораторија за социјални иновации/Скопје, 1.4.2025 г.

- обука за наставници од средните училишта на тема:**Примена на дигитални алатки за интерактивна и персонализирана настава** . Обуката е акредитирана од страна на БРО и се изведе во три работни дена ( од 30.6.2025 - 2.7.2025 )

Вања Манчева

Учество на натпревари, награди и манифестации:

Предметниот професор немаше активности од ваков тип

Обуки, работилници и други активност

Учество на тренинг/обука:„Вештини за дигитална писменост во училница“- 16.9.2024 г.; обучувачи: ТИМ – ГОПА;

ЕдуЛаб – дигитален курс: Примена на ИКТ алатките во секојдневната настава (основно ниво)како дел од проектот „Промоција на безбедна училишна средина“

Организација и учество на натпреварот „Спинокио“ за медиумска писменост и лажни вести.

Учество на МАССУМ за Најдобра поетска творба со ученичката Мила Тунџева од I-5.

Учество на настан во градската библиотека „Гоце Делчев“ по повод 4.февруари  (читање поезија поврзана со ликот и делото на Гоце Делчев).

- обука за наставници од средните училишта на тема:**Примена на дигитални алатки за интерактивна и персонализирана настава** . Обуката е акредитирана од страна на БРО и се изведе во три работни дена ( од 30.6.2025 - 2.7.2025 )

ПРОЕКТ: CLOSE

Проектот од  Еразмус CLOSE, продолжи со настани, состаноци и прикажување на филмови На 12 декември 2024 г. се одржа работилница со ученици, наставници и партнерите во проектот од Витербо, Фиренца, Верона и Кипар, во СОУ„Јосиф Јосифовски“ во Гевгелија. На работилницата беа прикажани филмовите: „Списокот на Тони Манџа“ и „Огледало“. За потребите на овој проект е снимен филмот „Тивкото дете’’ со ученици од прва година,  под

ментсорство на Вања Манчева. Направен е настан „Учиме филмски“ на кој беа прикажани сите три филмови изработени од нашето училиште и дискусија со филмски работници и претставници од Бирото за развој на образованието.

ПРОЕКТ: START DS

Проектот START DS од програмата ЕразмусК-2 клучна акција, почна со реализација во декември 2024 во кој се вклучени неколку европски земји со 3 факултета и 3 средни училишта од Македонија, Бугарија, Италија, Полска и Ирска. Се оствари посета во Полска, Лублин на универзитет „Марија Кири – Склодовска“ на кои беа прикажани резултатите и начинот на спроведување на овој проект во иднина. Се продолжува со негова реализација.

Славица Маркова

Учество на натпревари, награди и манифестаци:

Учество на конкурс по повод Месец на книгата за 2024, распишан од Градската библиотека ,,Гоце Делчев“ – Гевгелија.



Ученик : Бранко Проданов (освоена **втора** награда за есеј)



